РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1194

Скопје, 15 јуни 2019 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1194 ОД 15 јуни 2019 ГОДИНА


**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Методологија за управување со загубите на вода во водоснабдителни системи** од **м-р Сања Спировска**, пријавена на Градежниот факултет во Скопје....7-11
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје (**Александра Николовска, Ангел Ајкоски, Владимир Стефановски, Денис Јанкуловски, Иво Величковски, Ирина Стрезовска, Кристина Гаврилоска, Петар Ѓурчиновски, Светлана Стојкоска Стојаноски, Цветко Голабоски**)....12-13
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Цветанка Чифлиганец, м-р Али Муриќи**)....14

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој – осврт во случајот на Република Македонија,** изработена од кандидатот **м-р Александар Николоски,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје....15-24

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Виктор Камилоски**)....25-38
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област интерна медицина и нефрологија на медицинскиот факултет во Скопје (**ас. д-р Павлина Цекова-Видимлиски, насл. доц. д-р Игор Николов, в.н.сор. д-р Весна Герасимовска, в.н.сор. д-р Билјана Герасимовска-Китановска, асистент докторанд д-р Ирена Рамбабова-Бушлетиќ, асистент докторанд д-р Лада Трајческа**)....39-196
3. **Приговор** на Рефератот за избор на 7 наставници во сите наставно-научни звања по предметот од наставно-научните области гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1193 од 1.6.2019 година, поднесен од **д-р сци. мед. Драган Тантуровски**....197
4. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот на Рефератот за избор на 7 наставници во сите наставно-научни звања по предметот од наставно-научните области гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1193 од 1.6.2019 година....198

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област историја на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**вонр. проф. д-р Мишо Докмановиќ**)....199-218

2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Реформа на советот за безбедност на ОН во ера на „Одговорноста да се заштити“** од **м-р Љупчо Стојковски,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.................................................219-223

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Збирка решени задачи по метрички простори** од авторот **д-р Петар Соколоски**...........................................................................................224-231
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Природно-математичкиот факултет во Скопје (**Павлинка Доневска-Стефанов, Стевче Јовановски, Горан Крстиќ, Весна Манчевска, Ивана Пројковска, Гоце Марков**)......................................................................................................... 232

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации на Стоматолошкиот факултет во Скопје (**д-р Генц Демјаха**).........................................................................233

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДРАМСКИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Димитар Сеизов**) и преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Нина Николиќ**) на Факултетот за драмски уметности во Скопје.......................................................234

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**доц. д-р Магдалена Костоска Ѓорчевска**) .........235-255

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**Моника Мотеска, Борис Ристевски, Ивана Мојсовска, Младен Стојановски, Мухамед Идризи, Арбен Беќири, Наташа Љубиновска, Зоран Бошковски, Ана Спасова, Даниела Димитровска, Игор Таневски, Филип Јовановски, Виктор Јаневски, Решат Чилафи, Демиќ Џемаил**)..............................256

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) етика на Филозофскиот факултет во Скопје (**вонр. проф. д-р Дејан Донев**)..........................................................................................................257-284
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Филозофскиот факултет во Скопје (**Зорица Николова, Билјана Радическа**).....................................285

**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Економскиот институт во Скопје (**Ана Каровска**)..........................................................................286

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**

1. Реферат за избор на научен советник во ЈНУ Институт за национална историја во Скопје (**проф. д-р Теон Џинго**)...........................................................................................287-293

# РЕЦЕНЗИЈА

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЗАГУБИТЕ НА ВОДА ВО ВОДОСНАБДИТЕЛНИ СИСТЕМИ” ОД М-Р САЊА СПИРОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ГРАДЕЖНИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет, донесена на неговата 471. седница одржана на 26.12.2018 година, беше именувана Комисија за преглед и оцена на докторската дисертација под наслов: *Методологија за управување со загубите на вода во водоснабдителни системи*, изработена од кандидатката *м-р Сања Спировска*. Комисијата беше именувана во состав*: проф. д-р Петко Пеливаноски, проф. д-р Живко Велјановски, проф. д-р Цветанка Поповска, доц. д-р Гоце Тасевски и доц. д-р Бранислав Бабиќ.* Комисијата, по извршениот преглед на доставената докторска дисертација, на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет му го доставува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација **Методологија за управување со загубите на вода во водоснабдителни системи** од кандидатката Сања Спировска е презентирана на 167 страници. Содржински е конципирана во 7 поглавја и 1 прилог, со 69 слики, 35 табели и 51 библиографска единица.

### 1. Предмет и цел на истражувањето

Предметот на истражување во дисертацијата ја опфаќа проблематиката на намалувањето на загубите на вода во водоснабдителните системи, која е актуелна проблематика на глобално ниво и претставува еден од главните начини за справување со растечкиот дисбаланс помеѓу потрошувачката на вода и достапноста на водните ресурси.

Иако во последните 20 години бележиме огромен прогрес и развој на голем број методи и техники за намалување на загубите на вода, кај голем дел од водоводните системи, меѓу кои спаѓаат и водоводните системи во Македонија, нивната примена е недоволно застапена и ограничена, при што се бележи неприфатливо високо ниво на загуби на вода. Оттука, тезата опфатена со дисертацијата се основа на прашањето *Зошто тогаш, по две децении напредок во развојот на технологиите и најдобрите практики за управување со загубите на вода во водоснабдителните системи, кај повеќето системи во Р Македонија тие се сè уште на високо ниво?*.

Како одговор на ова прашање, авторката потенцира две главни причини: (1) неинформираност и недоволна упатеност на комуналните претпријатија за постојните т.н.„state-of-the-art“ алатки и методи за нивната примена во управувањето со загубите на вода во водоснабдителните системи; (2) повеќето постојни алатки и методи се развиени врз основа на добиените емпириски податоци за добро управувани водоводни системи во развиените земји, поради што дел од нив не се соодветни или директно применливи за намалување на загубите на вода во водоводните системи во Р Македонија.

Оттука, за да се надминат празнините што постојат помеѓу развиените методи кои се применуваат на интернационално ниво и нивната примена во практиката на водоснабдителните системи кај нас, ова истражување има за цел развој на методологија и помошни алатки за управување и намалување на загубите на вода во водоснабдителните системи, кои овозможуваат формирање на еден структуриран и систематизиран пристап за управувањето со загубите на вода во водоснабдителните системи.

### 2. Содржина на дисертацијата

Тезата е структурирана во седум поглавја, од кои секое опфаќа одреден аспект на управувањето со загубите на вода, кои придонесуваат за остварување на дефинираната цел на истражувањето.

Во првото поглавје со наслов *Вовед* е презентирана проблематиката на загубите на вода во водоснабдителните системи, при што е нагласена важноста на контролираното

управување со загубата на вода. Во ова поглавје се прикажани и податоци за големината на загубите на вода во Р Македонија, споредени на глобалната скала, со посебен акцент на загубите на вода во водоснабдителниот систем на град Скопје. Авторката во ова поглавје, исто така, ги дефинира и причините за постојното високо ниво на загуби на вода во водоводните системи во нашата држава. Прикажаните високи вредности на загубите на вода се показатели за потребата од развој и примена на структуриран и систематизиран пристап за управувањето со загубите на вода во водоснабдителните системи, приспособен за специфичните условите на водоснабдителните системи кај нас, од каде што произлезе и потребата од истражувањето која во ова поглавје е проследена со целите на истажувањето и структурата на тезата.

Во второто поглавје со наслов *Преглед на методите и алатките за управување со загубите на вода,* кандидатката дава сеопфатен преглед на „state-of-the-art“ методите, техниките и алатките кои се предожени од Оперативната група за загуби на вода (WLTF – Water Loss Task Force) при Меѓународната асоцијација за вода (IWA – International Water Association) и нивната примена во управувањето со загубите на вода во водоснабдителните системи, при што се користи стандардната IWA (International Water Association) терминологија. Изработениот преглед на методите, техниките и алатките за управување со загубите на вода претставува значаен референтен извор за практичарите и истражувачите кои се занимаваат со управување со загубата на вода во дистрибутивните системи.

Третото поглавје со наслов *Развој на алатка за носење на одлуки при процесот на планирање на мерките за контролата на притисокот во водоводната мрежа*, е всушност, еден од носечките делови на дисертацијата. Во ова поглавје е развиена Watersave, веб-базирана апликација, која претставува алатка за поддршка на процесот на донесување на одлуки при планирање на мерките за контролата на притисокот во водоводната мрежа. За таа цел, во ова поглавје е развиен алгоритам, базиран на техниките за нелинерано програмирање, за евалуирање на заштедите на вода при анализирање на различни типови на модулирање на работниот притисок во мрежата. Во самата алатка е вклучен и економски модел за одредување на финансискиот бенефит од имплементирањето на редуктори на притисок во анализираната зона на потрошувачка, поради што е развиен практичен пристап за пресметување на нето сегашната вредност на предвидените редуктори на притисок во водоводните системи. За валидирање на алатката се користени реални мерни податоци од водоснабдителниот систем на град Скопје, при што во ова поглавје е прикажана нејзината примена за зоната на потрошувачка Лисиче од водоснабдителниот систем на град Скопје и добиените резултати. На крајот, кандидатката ги презентира ограничувањата на алатката.

Во четвртото поглавје со наслов *Идентифицирање на критичните фактори кои придонесуваат за појава на дефектите во водоводната мрежа* е развиена методологија за идентифицирање на критичните фактори кои придонесуваат за појава на дефектите во водоводната мрежа, при што за дефектите во водоводната мрежа е воспоставена соодветна релација помеѓу физичките карактеристики на цевководите на кои тие се појавени и влијанието од факторите на опкружувањето на цевководите, како и од факторите кои зависат од процесот на експлоатација и одржување на мрежата. Истражувањето прикажано во ова поглавје беше спроведено на Техничкиот институт во Карлсруе, Германија (Karlsruher Institut für Technologie – KIT). Градот Форцхајм во Германија се користи како пилот-проект за тестирање на методологијата, при што е прикажан и изборот на статистички модел за предметните анализи, потребните податоци за подготовка на моделот, како и добиените резултати од извршените анализи. На крајот од ова поглавје е анализирана и можноста за примена на развиената методологија за дефинирање на критичните фактори за појава на дефектите во водоводната мрежа на град Скопје и се дефинирани неопходните податоци за успешно спроведување на овие анализи.

Во петтото поглавје со наслов *Стратегија за намалување на загубите на вода во водоводниот систем на град Скопје* е развиена методологија за формирање на стратегијата за управување со загубите на вода, која е применета за водоснабдителниот

систем на град Скопје. Во првата фаза од стратегијата, подготвителна фаза, е извршена анализа на моменталната состојба на загубите на вода во водоснабдителниот систем на град Скопје, прикажан е прелиминарен воден биланс на потрошувачка на вода на системот и извршено е адресирање на причините за појавата на загубите на вода со осврт на постојната практика за одржување на мрежата. Во втората фаза, фаза на планирање, се врши избор на соодветните мерки за програмата за намалување на загубите на вода во водоснабдителниот систем на град Скопје. А додека, пак, последната фаза, фаза на имплементација, опфаќа подготовка и имплементација на акционен план за имплементирање на алтернативните мерки за намалување на загубите на вода во согласност со расположливиот буџет.

За да се олесни, односно да се даде поддршка при формирањето на гореспоменатиот акционен план при приоритизирање на мерките за намалување на загубите на вода, во шестото поглавје со наслов *Генерална методологија за поддржување на одлуките при имплементирање на мерките за намалување на загубите на вода во водоснабдителните системи* е развиена методологија за мултикритериумска анализа за донесување на одлуки во процесот на имплементација на мерките за намалување на загубите на вода, каде што за рангирање на алтернативните мерки се вклучуваат сите релевантни аспекти (финансиско-економски, еколошки, техничко-санитарен и социо-политички) на процесот на намалување на загубите на вода, од кои произлегоа седум различни критериуми (генерирање на наплата, инвестициони трошоци, трошоци за Е&О, намалување на фрекфенција на појава на дефекти, подобрување на квалитетот на вода, намалување на истекувањето од дефекти, намалување на прекини на водоснабдување и попречување на одвивањето на сообраќајот). Развиената методологија е применета за водоснабдителниот систем на град Скопје, при што е дефиниран редоследот за имплементирање на активностите за намалување на загубите на вода при стратешкото планирање на мерките за управување на загубите на вода. Во шестото поглавје, исто така, накусо се прикажани и изведените пилот-проекти во водоснабдителниот систем на град Скопје, кои се однесуваат на одделни зони на потрошувачка каде што се имплементирани дел од мерките за намалување на загубите на вода. Изведените пилот-проекти го прикажуваат бенефитот, односно заштедата на вода при имплементирање на мерките на намалување на загубата на вода, при што посебен акцент е даден на мерките за проактивна контрола на загубите на вода.

Во седмото поглавје со наслов *Заклучоци и препораки* се прикажани главните заклучоци од извршеното истражување, при што накратко е сумирана целта на истражувањето, постигнатите резултати со развиените алатки и методологија, научниот придонес, како и нивната применливост во практиката. Додека, пак, во последната точка накусо се опфатени препораките и дадени се насоки за понатамошно истражување.

На крајот е приложен *прилог А,* каде што се прикажани слики од корисничкиот интерфејс на алатката Watersave 2018 со конкретната примена за зоната на потрошувачка Лисиче од водоснабдителниот систем на град Скопје.

### 3. Придонес на докторската дисертација

Комисијата цени дека трудот е многу успешно систематизиран и детално презентиран со висок степен на разбирање, а проблематиката опфатена со истражувањето претставува еден ефективен пристап за управување со водните ресурси, кој има за цел воспоставување на рамнотежа помеѓу водоснабдувањето и побарувачката на вода.

Презентираната теза претставува сеопфатен извор на алатки, техники и методи потребни за справување со предизвиците на намалувањето на загубите на вода во водоснабдителните системи, кој е од посебен интерес за практичарите и истражувачите кои работат во оваа област.

Извршеното истражување има придонес кон воведување на стандардната интернационална терминологија, формирана од Комитетот за експлоатација и одржување на IWA (Operation and Maintenance Committee of the International Water

Association's Distribution Division) во практиката на комуналните јавни претпријатија, како и кон промовирање на техниките за управување и контрола на загубите на вода во водоснабдителните системи предожени од оперативната група за загуби на вода (WLTF – Water Loss Task Force) при Меѓународната асоцијација за вода (IWA – International Water Association).

Во рамките на докторската дисертација се развиени следниве помошни алатки и методологии:

(1) *Watersave2018, веб-базирана апликација за поддршка на процесот на донесување на одлуки при планирање на мерките за контрола на притисокот во водоводната мрежа.* Оваа алатка овозможува брзо и ефикасно одредување на потенцијалот на различните опции за управување со притисокот, без извршување на детална анализа на водоводната мрежа, односно без развивање на детален хидраулички модел за анализираната зона на потрошувачка. Watersave е предвидена да се користи од страна на инженерите и носителите на одлуки кои се вклучени во процесот на подготвувањето на стратегии за намалување на загубите на вода. Се очекува дека развиената алатка ќе дејствува како стимуланс за промовирање на мерките за управувањето со работниот притисок во мрежата како дел од генералната политика на водоводните претпријатија.

(2) *Методологија за идентифицирање на критичните фактори кои допринесуваат за појава на дефектите во водоводната мрежа.* Резултатите од нејзината примена покажаа дека статистичките методи за моделирање на дефектите во водоводната мрежа, кои најчесто се користат при процесот на планирање на рехабилитација на водоводната мрежа, можат да бидат аплицирани во практиката за побрза и поефикасна идентификација на факторите кои придонесуваат за појава на дефектите во водоводната мрежа, како и за дефинирање на ризикот од појава на нови дефекти, што би придонело за значително подобрување во тековната оперативна практика на водоводните претпријатија.

(3) *Методологија за дефинирање на сеопфатна стратегија за намалување на загубите на вода.* Преку развиениот структуриран и систематизиран пристап за управувањето со загубите на вода, а приспособен за локалните услови кај нас и регионалните карактеристики, земајќи ја предвид состојбата на мрежата, тековната практика и методологии за управување со загубите на вода, стратешкото планирање се покажува како важна алатка за одржливо управување со загубите на вода во водоснабдителните системи. Предметното истражувањето има придонес за носителите на одлуки во комуналните претпријатија со тоа што дава насоки за дејствување и упатство за работа при формирањето на стратегиите за намалување на загубите на вода.

(4) *Генерална методологија за имплементирање на мерките за намалување на загубите на вода во водоснабдителните системи базирана на мултикритериумска анализа.* Во рамките на предметното истражување е развиена една едноставна и интуитивна методологија за мултикритериумска анализа која служи за дефинирање, евалуирање и приоритизирање на мерките за намалување на загубите на вода. Резултатите од нејзината практична примена во водоснабдителниот систем на град Скопје укажуваат на тоа дека теоријата од процесот на донесување одлуки во комбинација со оперативните техники на мултикритериумска анализа може да биде аплицирано во практиката за решавање на комплексни проблеми од областа на управувањето со загубите на вода. Развиената методологија за мултикритериумска анализа претставува вредна алатка за стратешко планирање при управувањето со загубите на вода во водоснабдителните системи.

Практична примена на горенаведените алатки и методологија е прикажана за водоснабдителниот систем на град Скопје, кои иако се тестирани и валидирани за водоводниот систем на град Скопје, се генерички и лесно можат да се адаптираат да одговараат на локалните услови на останатите водоснабдителни системи во нашата држава.

**ЗАКЛУЧОК**

Од изнесеното во овој Извештај може да се констатира дека докторската дисертација под наслов *Методологија за управување со загубите на вода во водоснабдителни системи*, изработена од м-р Сања Спировска, ги исполнила предвидените цели и задачи, при што обработува актуелна и значајна проблематика и претставува значаен научен и практичен придонес во развојот на методологија за управување и намалување на загубите на вода во водоснабдителни системи, особено ако се има предвид дека состојбата по однос на загубите на вода во водоснабдителните системи во нашата држава е алармантна.

Од изнесеното во содржината на докторската дисертација се забележува дека кандидатката има широки познавања за досегашните истражувања во предметната област, што претставувало добра визија за методологијата која е спроведена во конкретното истражување. Значајно е да се истакне дека во истражувањето како студија на случај е анализиран водоснабдителниот систем на град Скопје, при што конкретно се предлагаат методологија и мерки во правец на намалување на загубите на вода во системот.

Врз основа на гореизнесеното, како и во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Правилникот за докторски студии на Градежниот факултет и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Градежниот факултет во Скопје, да го прифати извештајот од прегледот и оцената на докторската дисертација под наслов *Методологија за управување со загубите на вода во водоснабдителни системи,* изработена од м-р Сања Спировска, и да закаже јавна одбрана.

**Комисија**
**Проф. д-р Петко Пеливаноски, с.р.**
**Проф. д-р Живко Велјановски, с.р.**
**Проф. д-р Цветанка Поповска, с.р.**
**Доц. д-р Гоце Тасески, с.р.**
**Доц. д-р Бранислав Бабиќ, с.р.**

# ПРЕГЛЕД -476. СЕДНИЦА НА ННС 29.05.2019
## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

| Ре дб р. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Александра Николовска, дипл.геот. инж | “Стабилизација на површинска ерозија кај косини со примена на полимерни средства и вегетација“ | "Stabilization on surface erosion of slopes using polymers and vegetation" | проф. д-р Јосиф Јосифовски, Градежен факултет | 31.05.2019 0202/81-100 |
| 2 | Ангел Ајкоски, дипл. геод. инж. | „Анализа на параметрите за трансформација на координати од државниот геодетски датум во европскиот терестрички референтен систем - etrs89” | "Analysis of parameters for transformation of coordinates from the state geodetic datum to the European terrestrial reference system - etrs89 " | проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет | 29.05.2019 0202/81-99 |
| 3 | Владимир Стефановски, дипл.геод.инж. | “Технолошки индустриски развојни зони како поттик врз порастот на цените на недвижностите во нивна околина“ | “Technological industrial development zones as incentive on price increase of the land and real estates in their vicinity" | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев , Градежен факултет | 29.05.2019 0202/81-98 |
| 4 | Денис Јанкуловски, дипл.град.инж | “Хидролошко и хидрауличко моделирање на поплави во урбани подрачја“ | "Hydrological and hydraulic flood modeling in urban areas" | проф. д-р Виолета Ѓешовска, Градежен факултет | 29.05.2019 0202/81-97 |
| 5 | Иво Величковски, дипл. град. инж. | “Компаративна анализа за оптимално решение при избор на конструкција кај долен строј на сообраќајници“ | "Comparative analysis for optimal solution for the option of construction in the substructures", | проф. д-р Златко Зафировск и, Градежен факултет | 29.05.2019 0202/81-96 |
| 6 | Ирина Стрезовска дипл.инж.геотех. | “Методологија за проценка на геотехнички ризици при изведба на | "Methodology for assessing geotechnical risks in the performance of objects on low | проф. д-р Милорад Јовановски | 29.05.2019 0202/81-95 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | објекти врз слабо носиви почви “ | bearing capacity soils" | , Градежен факултет | |
| 7 | Кристина Гаврилоска, дипл. геод. инж. | “Глобално геодетско позиционирање со системот chcx91 +” | "Global geodetic positioning with chcx91 +system " | проф. д-р Златко Србиноски, Градежен факултет | 29.05.2019 0202/81-94 |
| 8 | Петар Ѓурчиновски, дипл.град.инж | „In situ мерење на U-коефициент: метода базирана на температура наспроти метода на топлински флукс ” | " In situ measurement of U – value: temperature based method versus heat flux method" | проф. д-р Тодорка Самарџиоска, Градежен факултет | 29.05.2019 0202/81-94 |
| 9 | Светлана Стојкоска Стојаноски, дипл.геод.инж. | “Влијание на еколошките параметри врз вредностите на недвижностите“ | "Influence of ecological parameters on real estate value" | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев , Градежен факултет | 29.05.2019 0202/81-92 |
| 10 | Цветко Голабоски, дипл.инж.геотех. | “Споредбена анализа на зачестеност на контролни испитувања според Еврокод 7 и Технички услови за изведба на јавни патишта“ | : "Comparative analyse of frequences control test between EUROCODE 7 an Technical regulations for construction of state roads " | проф. д-р Милорад Јовановски , Градежен факултет | 29.05.2019 0202/81-114 |

**П Р Е Г Л Е Д**

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

на 476. СЕДНИЦА НА ННС 29.05.2019

| Ред бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Цветанка Чифлиганец, дипл.град.инж. | Однесување на спрегнати дрво – бетон плочи во услови на пожар – експериментални испитувања и нумеричко моделирање | Experimental and numerical research on timber-concrete composite slabs in fire | проф. д-р Мери Цветковска, Градежен факултет | 29.05. 2019 0202/81-113/02 |
| 2. | м-р Али Муриќи дипл.град.инж. | Експериментално и аналитичко истражување на ефектите од делумното спрегање кај челични греди од меѓукатни конструкции | EXPERIMENTAL AND THEORETICAL RESEARCH OF THE EFFECTS OF PARTIAL SHEAR CONNECTION AT STEEL BEAMS OF FLOOR STRUCTURES | проф. д-р Петар Цветановски, Градежен факултет | 29.05. 2019 0202/81-106/02 |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
**„ВЛИЈАНИЕТО НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ - ОСВРТ ВРЗ СЛУЧАЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“,**
ИЗРАБОТЕНА ОД КАНДИДАТОТ М-Р АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на седницата одржана на 26.10.2018 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Николоски со наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ - ОСВРТ ВРЗ СЛУЧАЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во состав: проф. д-р Трајко Славески (претседател), проф. д-р Пеце Недановски (ментор), проф. д-р Предраг Трпески (член), проф. д-р Борче Треновски (член), проф. д-р Снежана Дичевска (член) – заведена Одлука бр. 02-1794/2 од 1.11.2018 година. Дополнително, со Одлука на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 02-241/3 од 5.3.2019 година, донесена на седницата одржана на 1.3.2019 година врз основа на член 110 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р. Македонија бр. 82/18) и член 63 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторски студии на УКИМ (Универзитетски гласник бр. 245/2013), беше усвоен предлогот на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација, на кандидатот м-р Александар Николоски да му се одобрат дополнителни 6 месеци за доработка на докторската дисертација на тема „Влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој - осврт врз случајот на Република Македонија“.

По внимателното и опстојно прегледување на докторската дисертација, Комисијата му го поднесува на Наставно-научниот совет следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Николоски со наслов „Влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој - осврт врз случајот на Република Македонија“, содржи вкупно 249 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12. Користената литература содржи 211 библиографски единици (научни трудови, извештаи, работни документи и веб-страници) и е приложена на 11 страници, а на крајот се дадени 2 страници прилози.

Концепциски погледнато, содржината на дисертацијата е логично систематизирана и се состои од вовед, дванаесет глави и заклучни согледувања. Поглавјата се систематизирани во точки и потточки со соодветни наслови и поднаслови, што обезбедува адекватно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во *воведот* на дисертацијата, кандидатот најпрвин ја појаснува актуелноста на истражуваната проблематика. Потоа ги дефинира предметот и целите на истражувањето, како и користениот методолошки пристап. Во завршниот дел од воведот, м-р Николоски ги презентира очекуваните резултати и научниот придонес на дисертацијата.

Во *првата глава* под наслов „Теоретско-метотолошки основи на фискалната политика како дел од економската политика“, кандидатот се осврнува на односите помеѓу економскиот раст и макроекономската стабилност. Според негово мислење, макроекономската нестабилност има последици врз економскиот раст, особено во земјите во развој, со додатен негативен ефект по богатството. Причините поради кои краткорочната нестабилност се пренесува на долгорочниот раст се бројни и можат да се поврзат со познатите карактеристики на земјите во развој: ограничена флексибилност

на пазарот, неразвиени институции, голема отвореност према странство и осетливост на шокови, недостаток на капитал и сл. Во продолжение, тој се осврнува на улогата на контрацикличната монетарна и фискална политика, како и на значењето на атоматските стабилизатори и дискреционата фискална политика.

Во *втората глава* насловена „Пристап, цели, инструменти и ефекти на фискалната политика“, кандидатот се фокусира на поимањето, целите и ефектите на фискалната политика. Потоа е анализирано влијанието на глобалната економска криза врз улогата на економската политика и се поставува клучното прашање за креаторите на фискалната политика кое се однесува на неопходноста од поседување информации во врска со одржливоста на јавниот долг. Сето тоа во функција на навремено преземање активности кои би ја одвратиле економијата од приближување кон можниот лимит за задолжување.

На крајот од главата се анализира значењето на потребата од координација на фискалната и монетарната политика. Имено, монетарната и фискалната политика, иако се креираат и реализираат од страна на одвоени и независни институции, меѓусебно се толку поврзани што често е многу тешко да се направи разграничување, односно да се утврди до каде е полето на дејствување на едната, а од каде почнува дејството на другата политика. Оттука, како нужна се наметнува нивната координација.

*Третата глава* носи наслов „Фискалните мултипликатори како основен погон на комплексниот трансмисионен механизам на фискалната политика“. Во неа, кандидатот го објаснува сложениот процес преку кој фискалната политика влијае врз одделните економски варијабли. Ова влијание се одвива преку два канала, и тоа: промени во оданочувањето и промени во јавната потрошувачка. Притоа, фискалната политика има силно мултипликативно дејство врз вкупната економска активност што може да биде различно во зависност од тоа преку кој од овие два канали се одвива. Имајќи го ова предвид, м-р Николоски потенцира дека ефектот на мултипликација може да биде од голема корист. Имено, државата со мали стимули може да иницира голема раздвиженост во економската активност, но може да претставува и закана, кога мал пад во капиталните расходи на државата може да предизвика сериозни турбуленции (поголем пад) во вкупната економска активност и на тој начин да се наруши стабилноста во економијата.

Во *четвртата глава* со наслов „Ефектите на дискреционата фискална политика“, кандидатот се фокусира на ефектите на фискалната политика во неколку одбрани модели како што се: моделот на затворена економија, интертемпоралниот модел со микро заснованост, Мандел-Флеминговиот модел и моделот на отворена економија со микро фундираност. Кандидатот го анализира влијанието на фискалната политика за време на криза, особено за време на Големата рецесија и европската должничка криза. Во вакви околности, тој доаѓа до заклучок дека намалувањето на дефицитот преку намалување на трошоците/расходите е помалку штетно за растот од намалувањето на дефицитот преку зголемување на даноците. Бидејќи и во двата случаја (намалување на државните расходи и зголемување на даноците) доаѓа до намалување на буџетскиот дефицит, разбирливо е дека треба да се разгледа различното влијание на трошоците и даноците врз економскиот раст.

*Петтата глава* под наслов „Фискалната политика и економскиот раст“ е посветена на анализа на краткорочните и долгорочните интеракции помеѓу фискалната политика и економскиот раст. Фискалната политика влијае врз растот на краток рок преку два основни канала: прво, преку зајакнување на фискалните сметки, фискалната политика ја зајакнува фискалната одржливост, со што се намалува ризикот од фискална криза; вториот канал преку кој фискалната политика влијае врз растот е нејзиното влијание врз агрегатната побарувачка.

Кандидатот проценува дека јавниот долг почнува да влијае врз економскиот раст, кога тој ќе го достигне прагот од 40 % од БДП, меѓутоа ефектите се статистички значајни кога прагот ќе надмине 80 % од БДП. Високиот долг резултира со помал економски раст пред сѐ поради ефектот на истиснување на приватниот сектор од сферата на инвестирањето, што ќе резултира со понизок раст на продуктивноста.

Макроекономските канали, преку кои фискалната политика влијае врз растот, се оние што се однесуваат на начинот на кој јавниот сектор влијае врз економијата преку макроекономските биланси, како јавниот долг и буџетскиот дефицит. Начинот на кој се наплатуваат даночните приходи, како и начинот на реализација на јавните расходи влијаат врз сите економски иницијативи, а со тоа и врз економската ефикасност, вработувањето, инвестициите и растот.

Во *шестата глава* насловена „Фискалната политика и долгорочниот раст“, м-р Николоски ги појаснува каналите преку кои фискалните структурни реформи го промовираат економскиот раст, и тоа: 1) политики за поттикнување на понудата на труд; 2) политики за поттикнување на инвестициите во физички капитал; 3) политики за поттикнување на развојот на човечкиот капитал, 4) политики за зголемување на вкупната факторска продуктивност.

Во вториот дел од оваа глава, експлицитно е анализирано влијанието на даночните олеснувања врз активностите за истражување и развој во Европската Унија. Според стратегијата за брз, одржлив и сеопфатен раст „Европа 2020“, до 2020 година, 3 % од бруто домашниот производ на ЕУ треба да биде инвестиран во истражување и развој. Како резултат на тоа се предвидува обезбедување на 3,7 милиони работни места, што од друга страна треба да го зголеми годишниот БДП за близу 800 милијарди евра до 2025 година.

Во *седмата глава* со наслов „Даночната политика и економскиот раст“, кандидатот детално ги анализира влијанијата на оданочувањето врз штедењето, инвестициите и бруто заштедите на претпријатијата, со посебен акцент на влијанието на оданочувањето врз трудот. Имено, искривувањата што ги предизвикуваат даноците во економијата доведуваат до намалувања на ефикасноста и приходите. Даноците влијаат врз економскиот раст преку разни канали. Тие влијаат на штедењето и инвестициите, но и на понудата и побарувачката на работна сила. Со намалување на повратот на физичкиот и човечкиот капитал, тие ја дестимулираат акумулацијата на капитал и негативно влијаат врз економскиот раст.

*Осмата глава* со наслов „Влијание на фискалниот дефицит и јавниот долг на економскиот раст“, м-р Николоски ги потенцира последиците кои ги имаат овие две појави врз растот на економијата и другите макроекономски варијабли. Во овој контекст, кандидатот го потенцира значењето на фискалната консолидација укажувајќи дека промената на аутпутот во голема мера зависи од начинот на кој е постигната консолидацијата. Доколку фискалната реформа се заснова на намалување на државните расходи, особено платите во јавниот сектор и социјалните трансфери, фискалната рамнотежа ќе биде долгорочна и нема да доведе до пад на аутпутот. Доколку, пак, фискалните реформи се засноваат најпрвин на пораст на даночните приходи, последиците ќе бидат неповолни, а фискалната реформа нема да даде резултати кои ќе бидат одржливи на долг рок.

*Деветтата глава* насловена како „Динамика на јавниот долг на Република Македонија и можностите за негова проекција“, претставува динамичка слика за состојбата и движењето на јавниот долг на Република Македонија од 2000 година до денес. М-р Николоски потенцира дека од 2014 до 2016 година, постои континуиран пораст на задолжувањето во економијата. Така во 2016 година, долгот на централната влада се зголемил и изнесувал 39,1 % од БДП, додека вкупниот јавен долг бил 47,8 % од БДП. Кандидатот укажува дека порастот на јавниот долг во овие три години, пред сè, бил резултат на порастот на инвестициите во инфраструктурни проекти, пораст на платите во администрацијата, пораст на пензиите, како и пораст на обемот на субвенции во стопанството.

Во вториот сегмент од оваа глава е претставен модел на јавен долг на Република Македонија, со кој се анализира влијанието на избрани економски променливи врз јавниот долг. Овој модел во иднина би можел да се користи за предвидување на движењето на јавниот долг. Кандидатот првично ги испитува сите предуслови кои треба да ги исполни повеќекратниот регресионен модел, а потоа пристапува кон анализа од која произлегуваат конкретни заклучоци.

Во *десеттата глава* со наслов „Влијание на буџетскиот дефицит врз економскиот раст на Република Македонија“, преку креирање економетриски модел, кандидатот доаѓа до заклучокот дека буџетскиот дефицит е обратнопропорционален од стапката на економски раст. Овој заклучок е конзистентен со наодите на голем број економски теоретичари кои ја анализирале поврзаноста помеѓу овие две варијабли. Влијанието на буџетскиот дефицит врз стапката на економски раст на земјата е значајно, меѓутоа треба подетално да се анализираат и други фактори кои имаат влијание врз стапката на економски раст, вклучително и самите детерминанти на буџетското салдо (јавни приходи и расходи).

*Единаесеттата глава*, насловена „Влијание на јавните приходи врз економскиот раст на Република Македонија“, претставува економетриска анализа на односот помеѓу јавните приходи и економскиот раст. Влијанието на државните приходи врз економскиот раст е посредно, т.е. преку создавање услови за задоволување разни државни потреби.

Кандидатот укажува на тоа дека во развиените економии, учеството на јавните приходи во БДП (фискално оптоварување) се движи од 25 % до 40 %, додека во земјите во развој овој процент е релативно понизок. Порастот на економскиот раст, генерално, означува и пораст на ова учество со оглед на тоа што во земјите со ниско ниво на раст на бруто домашниот производ, јавните приходи учествуваа со 15,4% од БДП во 2016 година. Во Република Македонија, истата година јавните приходи учествуваа во БДП со 26,2%, меѓутоа споредено со 2010 година тоа учество е намалено (28,9% од БДП).

Во последната, *дванаесетта глава* на дисертацијата насловена „Влијание на јавните расходи врз економскиот раст на Република Македонија“, кандидатот потенцира дека обезбедување висок и одржлив економски раст е една од главните задачи на политиката на јавни расходи. Впрочем, јавните расходи играат важна улога во формирањето на физичкиот и човечкиот капитал со текот на времето. Доколку се правилно насочени, тие можат да го поттикнат економскиот раст дури и на краток рок, кога ограничената инфраструктура или (не)квалификуваната работна сила претставуваат пречки за зголемување на производството. Оттаму, реализираното влијание на јавните расходи врз економскиот раст може да се смета како показател за нивната ефективност.

М-р Николоски укажува на фактот дека Македонија во целина има неповолна структура на јавните расходи со големо учество на платите и социјалните трансфери, додека останатите буџетски категории особено капиталните инвестиции во инфраструктурни објекти имаат релативно мала застапеност. Дополнително, структурата на капиталните инвестиции е неповолна. Ваквата структура многу тешко се менува, а се репродуцира долги години наназад. Иако во последниве години е зголемено учеството на јавните инфраструктурни инвестиции, сепак тие тешко се реализираат. Категоријата капитални расходи е изразено хетерогена и во себе вклучува бројни ставки од непродуктивен карактер - административни расходи (луксузни ентериери), споменици, фасади и слично. Освен тоа што средствата издвоени за оваа намена не се продуктивни, дел од нив завршија надвор од македонската економија. Со цел да се подобри структурата на јавната потрошувачка, препорачливо е преиспитување на приоритетите на јавните расходи, при што акцент ќе добијат крупните инфраструктурни проекти (изградба и реконструкција на патишта и железници, енергетика, гасификација и сл.).

Во рамките на последниот дел стандардно насловен *Заклучни согледувања*, кандидатот ги сумира сознанијата до кои доаѓа во текот на истражувањето.

Литературата што е користена при изработка на докторската дисертација содржи 211 библиографски единици. Насловите, во основа, се од странски автори и тоа во најголем број од англосаксонското говорно подрачје, но користени се и низа наслови на стручна и научна литература од домашни автори. Освен тоа, наведени се и неколку релевантни интернет-страници на домашни институции од кои се преземени бројни студии и неопходни статистички податоци.

**Предмет на истражување**

Докторската дисертација под наслов „Влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој - осврт врз случајот на Република Македонија“ го анализира влијанието на фискалната политика врз економскиот раст на среден и долг рок. Имено, се прави обид да се идентификуваат главните канали преку кои оваа политика може да влијае врз растот и на тој начин се иницираат практични согледувања за креаторите на политиката. Сепак, посебните комбинации на мерки зависат од специфичните услови на одделните земји, нивниот капацитет и преференции.

На макрониво, фискалната политика може да помогне во обезбедувањето макроекономска стабилност и основни предуслови за раст, додека на микрониво, даночната политика и политиката на јавни расходи можат да иницираат пораст на инвестициите, промоција на акумулација на човечки капитал, како и зголемување на вкупната факторска продуктивност. Сето тоа, фискалната политика треба да го овозможи преку реализирање на нејзините основни функции: одржлива буџетска рамнотежа, соодветни даноци и јавна потрошувачка.

Фискалниот одговор на брзиот пад на економскиот раст имаше значајно место во агендите на креаторите на економска политика по глобалната економска криза. Имено, глобалната криза остави во наследство забавен раст во поголем број напредни економии и економии во развој. Забавувањето на растот претставува сериозен проблем за фискалната одржливост, но и за други економски и демографски трендови. Како одговор на тоа, креаторите на економските политики сѐ повеќе се фокусираат на мерките за зајакнување на растот.

Теоријата на ендоген раст обезбедува аналитичка рамка за проучување на ефектите на фискалната политика врз растот на долг рок. За разлика од неокласичната теорија на раст, во која политиката може да има минлив ефект врз растот, теоријата за ендоген раст обезбедува рамка за анализа на начинот на кој владините политики можат да влијаат на растот на долг рок. Така, овој теоретски пристап станува основа за голем број истражувања во економската литература. Во практика, сепак тешко е да се направи разлика помеѓу постојаните и минливите, но перзистентни ефекти врз економскиот раст.

Придобивките од фискалните реформи можат да бидат значителни. Голем број економски студии го поддржуваат тој факт. Во развиените земји се проценува дека економскиот раст per capita може да се зголеми за околу 0,75 процентни поени, под претпоставка дека ќе бидат доследно спроведени современи фискални реформи. Симулациите направени со помош на моделот на ендоген раст, во случај кога се изолира влијанието на фискалните реформи, покажуваат дека во услови на неутрален буџет, пакетот даночни реформи кои се во насока на подобрување на ефикасноста на даночниот систем, можат да го подигнат долгорочниот раст за околу 0,5 процентни поени. Притоа, промените во структурата на државните трошења во инфраструктурни инвестиции, можат да додадат кон стапката на раст уште ¼ процентен поен. Конечно, голем број статистички анализи покажуваат дека постои релативно голема веројатност фискалните реформи да се следени со забрзување на економскиот раст.

Ефективноста на фискалната политика насочена кон стимулација на растот се подобрува, кога одделните фискални реформи се зајакнуваат едни со други и истите се придружени со поширoки и комплементарни структурни реформи. Со комбинирање на фискалните реформи (на пример: зголемување на јавните инвестиции во инфраструктурата со истовремено унапредување на процесот на инвестирање на државата т.е. сферата на јавни инвестиции), може да се очекува зголемување на нивната ефикасност. Комплементарните реформи, како што се либерализација на трговијата на пазарите на стоки и пазарот на труд, може да го зголеми влијанието на фискалните реформи преку промовирање на штедењето и поттикнување на инвестициите, со што се отвора простор за стекнување придобивки во поглед на факторската продуктивност.

Креирањето политички и социјален консензус е многу важно прашање од аспект на успешно спроведување на фискалните реформи. Соодветно дизајнираните пакети

фискални реформи можат да послужат за остварување на целите на економскиот раст. Општествениот консензус ја зголемува веројатноста за креирање реформи кои ќе бидат спроведливи и одржливи. Доколку кон ова се додаде и соодветен стратешки пристап (односно ефикасна комуникација со засегнатите страни и вклучување компензаторни мерки за оние кои се очекува да претрпат загуби од реформите), тогаш може да се очекува адекватна поддршка на реформите од страна на јавноста.

Податоци за состојбата на подрачјето
во кое е работена дисертацијата

Фискалната одржливост и макроекономската стабилност се клучни за економскиот раст на среден и долг рок. Политичката несигурност и високото ниво на јавен долг ќе ги одвратат приватните инвеститори и ќе го забават економскиот раст. Фискалната консолидација може да помогне, но нејзиното влијание врз економскиот раст зависи од темпото, составот и моделитетите на финансирање. Во многу напредни економиии, но и во поранешни транзициони економии, обезбедувањето фискална одржливост бара решавање разни проблеми поврзани со интергенерациските притисоци врз трошоците, без да му се наштети на капиталот. Спротивно на тоа, многу од овие земји со ниско ниво на јавен долг и големи можности за економски раст, можат да добијат простор за дополнителни продуктивни расходи.

Анализата на структурата на фискалната политика заедно со многубројните фактори кои меѓусебно повратно влијаат врз неа, како и околностите во кои таа се спроведува, претставува битен елемент во давањето насоки на креаторите на политиката, особено во фазите на нејзиното дизајнирање. Несомнено е дека државата преку фискалната политика може да влијае врз поттикнување на растот, меѓутоа, базична основа е проучувањето на начините, мерките и инструментите со кои оваа политика може да влијае врз растот (без разлика дали тоа влијание е позитивно или негативно). Деталното проучување и анализирање на оваа комплексна проблематика овозможува доаѓање до сознанија за тоа кои мерки, инструменти, даноци, приходи, расходи и сл., треба да се стимулираат, односно да се дестимулираат за да може да се придонесе за обезбедување стабилен и долгорочен економски раст.

Макроекономската стабилност е основен предуслов за стабилен и одржлив раст. Големите фискални дефицити ги намалуваат агрегатните заштеди во економијата и можат да доведат до инфлација, пораст на каматните стапки и притисок врз билансот на плаќање, со негативни последици врз растот. Политичката несигурност што често ја придружува макроекономската нестабилност, влијае врз економскиот раст преку нестабилноста на повратот од инвестициите и несоодветната распределба на ресурсите. Високиот јавен долг има тенденција да го попречи растот преку зголемување на неизвесноста околу идното оданочување, истиснување на приватниот сектор од сферата на инвестиции и слабеење на отпорноста на надворешни шокови.

Краток опис на применетите методи

Методолошкиот приод на истражувањето, реализиран во рамки на дисертацијата, има интегрален карактер, што подразбира комбинирање повеќе методи. Поради специфичноста на целите на истражувањето, користени беа неколку научни методи: индукција и дедукција, анализа и синтеза, компарација, историскиот метод, како и релевантни статистички и економетриски методи и модели. Теоретската елаборација и анализа содржани во докторската дисертација се поткрепени со најновите сознанија од современата домашна и странска литература од областа на фискалната политика, како и со статистички податоци објавени во одделни статистички публикации во земјата и странство. Притоа:

- со користењето на методот на индукција беа добиени сознанија за состојбите, односите и динамиката на промените што ја детерминираат проблематиката што е предмет на истражување, а од друга страна, со помош на методот на

дедукција се осветлија составните компоненти на анализираните појави. Потоа беа утврдени квантитативните соодноси меѓу нив и се согледа нивното дејство врз целината;
- компаративниот метод беше соодветно аплициран при согледување на искуствата на одделни земји од гледна точка на местото, улогата и влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој;
- методата на анализа и синтеза се примени при објаснување на врските и развојот на истражуваните варијабли и појави;
- секундарните податоци беа обработени со програмите EViews и IBM SPSS. Потоа, со употреба на повеќекратен регресионен модел беа тестирани поставените хипотези и беше утврдена меѓузависноста на анализираните појави.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Во овој труд е направен обид да се обезбедат сугестии за одредени постапки и насоки кон кои треба да се стреми државата, односно креаторите на макроекономските политики. Исто така, ова истражување иницира резултати кои упатуваат на модел на фискална политика кој во соодветна координација со монетарната политика ќе може да се искористи како подлога за стимулирање на економскиот раст и развој на Република Македонија.

Како резултат на исцрпното и детално истражување, извлечени се следниве констатации:
- Отсуството на координација помеѓу фискалната и монетарната политика ќе доведе до финансиска нестабилност, повлекувајќи пораст на каматните стапки, притисок врз девизниот курс и инфлацијата, а тоа негативно ќе се одрази на економскиот раст на земјата. Од таа причина, координацијата помеѓу двете политики е неопходна како на краток, така и на долг рок.
- Единствено, фискалното приспособување со рамномерно темпо може да има позитивни резултати за економијата. Затоа, за да се заштити кредибилитетот на фискалната политика, треба да се обезбеди постојан напредок на планот на фискална консолидација.
- Високиот државен долг треба да се намалува со тек на време, со што соодносот помеѓу долгот и БДП би се свел на прифатливо ниско ниво, бидејќи високото ниво на јавен долг ќе ги ограничи потенцијалите за раст.
- Иновативните перформанси на земјите членки на ЕУ конвергираат, но како резултат на значителното зголемување на разликите во самите перформанси пред неколку години, јазот меѓу членките сè уште е на релативно високо ниво. Македонија спаѓа во групата „скромни иноватори“, која за истражување и развој одвојува само 0,44% од БДП. Тоа, всушност, изнесува една петтина од просекот на ниво на ЕУ.
- Динамиката на пораст на буџетскиот дефицит и јавниот долг во Македонија е неодржлива поради тоа што порастот на јавниот долг го надминува порастот на БДП. Бруто надворешниот долг на земјата надмина 73% од БДП и според овој критериум, земјата е на пат кон висока задолженост. Затоа е неопходно да се запре тенденцијата на понатамошен раст на јавниот долг и сериозно да се преиспитаат сите непродуктивни јавни расходи и нивно намалување.
- Република Македонија е соочена со делумно истиснување на инвестициите од приватниот сектор, но и проблеми по ликвидноста на централниот буџет. Иако овие состојби полека се надминуваат, сепак во иднина, доколку не се намали задолжувањето на земјата, може да биде иницирано намалување на штедењето, бидејќи државата би станала голем нето должник.
- Анализата на влијанието на буџетскиот дефицит врз економскиот раст покажа дека дефицитот е обратнопропорционален од стапката на економски

раст.

- Кога станува збор за влијанието на јавните приходи врз економскиот раст на Република Македонија, се дојде до констатација дека приходите од царини и другите увозни давачки се во позитивна корелација со економскиот раст. Сепак, увозните давачки, покрај позитивни, можат да имаат и негативни ефекти врз економскиот раст на земјата, во зависност од видот на стоките што се увезуваат.
- Најголемиот дел од средствата во буџетот се прибираат како даночни приходи. Оттаму сите проблеми и тешкотии при наплата на даноците индиректно влијаат врз јавните расходи, а со тоа и врз економскиот раст на државата. При недостиг на приходи, државата нема да биде во можност да финансира разни развојни проекти кои се клучни за економскиот раст.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Трудот на кандидатот м-р Александар Николоски, со наслов „Влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој - осврт врз случајот на Република Македонија“, претставува комплексна и научно издржана докторска дисертација, во која по пат на теоретско и емпириско истражување се пристапува кон современа и актуелна проблематика. Актуелноста и релевантноста на оваа проблематика произлегува од значајноста на мерките и инструментите на фискалната политика во поттикнувањето на економскиот раст, дејствувајќи во сложени и непредвидливи економски услови. Целта пред која беше исправен кандидатот се однесуваше на анализа на влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој во Република Македонија. Успешното реализирање на целта на овој труд претставуваше голем предизвик и бараше исцрпно и детално истражување.

Кандидатот го темели своето истражување на фактот дека со помош на економетриски модели може да се согледа влијанието на мерките и инструментите на фискалната политика врз економскиот раст, да се направат соодветни прогнози и да се дадат насоки за поттикнување на растот. Задачите од кои се појде во истражувањето беа комплексни:

- детално разбирање на економскиот раст и макроекономската стабилност;
- проучување на можностите за зголемување на конкурентноста на националната економија, ефикасна алокација на ресурсите, пораст на животниот стандард и поправична распределба на доходот и богатството;
- анализа на влијанието на јавните приходи и јавните расходи врз едкономскиот раст;
- подобро разбирање влијанието на буџетскиот дефицит врз растот на економијата;
- откривање на перспективите за економски развој на Република Македонија итн.

Благодарение на студиозниот пристап, кандидатот успеа да добие релевантни одговори на вака поставените истражувачки задачи. Имено, дисертацијата ја содржи неопходната теоретска и методолошка заснованост која овозможила оригинален, критички и аналитичен пристап во истражувањето. На тој начин, анализираните и истражуваните концепти добија своја потврда во емпириското истражување, со што докторската дисертација ги реализира очекуваните резултати.

Од аспект на општата структурираност (глави, точки и потточки, нивната големина и пропорции, како и меѓусебната поврзаност на деловите), трудот претставува конзистентна целина. Во технички поглед, дисертацијата е коректно оформена. Текстот е коректно компјутерски среден и лекториран. Дисертацијата содржи 27 табели, 24 графикони 2 дијаграми и 3 слики.

За потребите на дисертацијата беше проучена релевантна литература од домашни и странски автори, како и документи, студии и соодветни стратегии за

економски развој.

Проверката на оригиналноста и самостојноста на докторската дисертација на тема со наслов „Влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој - осврт врз случајот на Република Македонија“, изработена од кандидатот м-р Александар Николоски, во Системот за анализа и пронаоѓање плагијати на Министерството за образование и наука, беше иницирана од страна на менторот проф. д-р Пеце Недановски на 12.5.2019 година. Резултатот беше добиен истиот ден и тој е следен: документот содржи 75.728 зборови, од кои за 4.706 (6,21%) е пронајдено совпаѓање во 1.323 документи од базата.

Поаѓајќи од фактот дека дисертацијата е изработена врз основа на претходно дефинирани предмет, цели и задачи на истражувањето, со користење релевантна стручна и научна литература, како и сознанието дека анализираните и истражуваните концепти добија своја потврда во емпириското истражување, членовите на Комисијата за оцена имаат чест да констатираат дека докторската дисертација на кандидатот м-р Александар Николоски под наслов „Влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој- осврт врз случајот на Република Македонија“, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ**
**ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторската дисертација, ги објави следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Aleksandar Nikoloski, Pece Nedanovski, 2018, “Implications of budget deficit on economic growth - case study of the Republic of Macedonia“, *Economic Development*, Journal of the Institute of Economics, Skopje, Year 20, No. 1-2/2018, pp. 171-185 (Научно списание).
2. Aleksandar Nikoloski, Pece Nedanovski, 2017, “Public debt dynamics and possibilities for its projection – The case of the Republic of Macedonia “, in *DIEM 2017 – 3rd Dubrovnik International Economic Meeting - Conference Proceedings*, Vol 3, No. 1, ISSN 1849-3645, October, Original scientific paper, pp. 720-734 (Зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор).
3. Aleksandar Nikoloski, Pece Nedanovski, “Influence of budget deficit on economic growth - The case of the Republic of Macedonia“, *Journal of Accounting and Finance - Special Issue - July 2017*, Association of Accounting and Finance Academicians (AAFA), ISSN 2146-3042, pp. 116-126.
4. Samije Bajrami, Pece Nedanovski, Aleksandar Nikoloski, 2017, “Impact of foreign direct investment (FDI) and corruption on the economic development of the Republic of Macedonia”, in: 1st International Scientific Conference on Law and Social Sciences 2017 (ISCLSS’ 17) – Judicial Reforms and Anti-Coruuption Practices – Challenges, Prospects and Transfer of Experiences, Tetovo, June 30, 2017, *Proceedings*, May 2018, pp. 4-12; (Зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Трудот на кандидатот м-р Александар Николоски претставува резултат на користење истражувачка методологија што се одликува со аналитички и критички пристап. Притоа, видливо е вложувањето континуиран напор за постигнување што поголема објективност во проучувањето на проблематиката, без внесување предрасуди и лични предубедувања. На тој начин, констатациите до кои доаѓа кандидатот се одликуваат со објективност и се базираат на стручна и научна анализа.

Имајќи го предвид претходното, се доаѓа до заклучокот дека кандидатот на предметот на истражување, т.е. влијанието на фискалната политика врз економскиот раст и развој, со посебен акцент на состојбите и тенденциите во Република Македонија, му пристапил со адекватен степен на научна објективност и сериозност. Тоа му овозможило исполнување на целта на истражувањето и реализирање соодветен научен придонес. Имено, истражувањето на кандидатот му овозможи добивање сознанија за неопходните стратегии за унапредено водење економски политики, а особено фискалната политика, и тоа посебно во случајот на Република Македонија.

Подрачјето на примена на резултатите од докторската дисертација се лоцира првенствено кај креаторите на фискалната политика. Стекнатите сознанија даваат јасна слика за пожелните чекори во водење на фискалната политика во која посебно место би било посветено на мерките, инструментите и стратегиите со цел добивање позитивни повратни сигнали за економскиот развој во целина.

Врз основа на сето претходно истакнато, Комисијата има посебно задоволство да констатира дека кандидатот м-р Александар Николоски самостојно изработил труд што ги задоволува научно-методолошките критериуми и апликативните стандарди за изработка на докторска дисертација. Оттука, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет:

1. да донесе одлука за прифаќање на извештајот за успешно изработена докторска дисертација на кандидатот м-р Александар Николоски, под наслов ВЛИЈАНИЕТО НА ФИСКАЛНАТА ПОЛИТИКА ВРЗ ЕКОНОМСКИОТ РАСТ И РАЗВОЈ - ОСВРТ ВРЗ СЛУЧАЈОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА;
2. да определи комисија за одбрана на докторската дисертација;
3. да одобри закажување датум за јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 6.6.2019 год.

**Комисија**
**за оцена на докторската дисертација**

**Проф. д-р Трајко Славески, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Пеце Недановски, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Предраг Трпески, член, с.р.**
**Проф. д-р Борче Треновски, член, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Дичевска, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИРУРГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха “ од 30.3.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хирургија и трауматологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, бр. 02-2170/29, донесена на 10.5.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Славчо Стојменски, проф. д-р Игор Кафтанџиев и проф. д-р Зоран Караџов.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области хирургија и трауматологија, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Виктор Камилоски.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот вонр.проф. д-р Виктор Камилоски е роден на 5.4.1962 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје, во 1980 година. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет во Скопје. Дипломирал на 30.6.1986 година, со просечен успех 8,70.

Кандидатот активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

Вториот циклус (магистерски) студии ги завршил во 1998 година. На 30.12.1998 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Клиничка и рендгенолошка евалуација на третманот на фрактурите на радиус на типично место”.

Докторската дисертација на тема: „Мултипланарна лигаментотакса зголемена со интрафокална фиксација со Киршнерови игли кај нестабилни фрактури на дистален радиус” ја одбранил на 8.2.2008 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област хирургија и трауматологија.

На 10.11.2009 година е избран во звањето доцент на Медицинскиот факултет во областа хирургија, а на 30.09.2014 година е избран во звањето вонреден професор на Медицинскиот факултет во областа хирургија.

Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1080 од 1.7.2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 582/92, 693/97, 915/07, 969/09, 1080/14, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Медицински факултет - Скопје, кандидатот д-р Виктор Камилоски изведува настава на прв циклус студии на следниве студиски програми: Хирургија на општа медицина, Ургентна медицина на општа медицина, Хирургија на тригодишни стручни студии за физиотерапевти, Хирургија на тригодишни стручни студии за радиолошки технолози и Хирургија на тригодишни стручни студии за стручни мед.сестри, како и на студиската програма Хирургија на дентална медицина на УКИМ, Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Д-р Виктор Камилоски е изработувач на програмата и носител на предметот Хирургија на рачен зглоб и шака од третиот циклус студии на Медицинскиот факултет во Скопје. Активно бил вклучен и во тимот за изработка на програмата за нови специјализации, и тоа: Специјализација по спортска медицина и Специјализација по воздухопловна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје.

Д-р Виктор Камилоски е вклучен како предавач на избрани теми во вториот циклус студии на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје по следниве предмети: Деловно право, Отштетно право и Казнено право.

Во периодот од 2014 до 2019 година, кандидатот учествувал како член во комисија за одбрана на дванаесет специјалистички испити, еден супспецијалистички испит и на една докторска дисертација. Во истиот период, кандидатот бил едукатор на здравствена едукација по турнус трауматологија на тројца специјализанти, како и ментор на тројца специјализанти по трауматологија.

Кандидатот е автор или коавтор на повеќе рецензирани учебници и книги со следниве наслови: „Специјална хирургија” со група автори од Катедрата за хирургија на Медицинскиот факултет, „Класификации во трауматологијата”, „Основи на судско-трауматолошкото вештачење - Форензична трауматологија“, „Начин на работа на тимовите во итната медицинска помош”, како и други монографии.

**Научноистражувачка дејност**

По последниот избор во звањето вонреден професор, д-р Виктор Камилоски има објавено вкупно 14 научни трудови од областа трауматологија, од кои 5 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 7 трудови во меѓународни научни списанија, 1 труд во научно популарно списание и 1 труд во зборник од меѓународен научен собир.

Д-р Виктор Камилоски бил раководител на еден национален научен проект.

Кандидатот бил ментор на два докторски труда и двајца кандидати на докторски студии.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Виктор Камилоски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на одделот Трауматологија на Универзитетската клиника за хируршки болести „Св.Наум Охридски” во Скопје, каде што е вработен од 1988 година. Д-р Виктор Камилоски, како хирург супспецијалист трауматолог, вовел повеќе нови клинички и оперативни методи, дел од нив се воведени за прв пат во Република Македонија, за што поседува потврда издадена од Македонското друштво на ортопеди и трауматолози (Тотална реверзна артропластика на рамен зглоб, Артроскопија на рачен зглоб, Парцијална артропластика на рамо), како и за прв пат во институцијата во која работи (Артроскопија на рамен зглоб, Преден пристап за фрактури на ацетабулум, Заклучена остеосинтеза).

Досега бил рецензент на повеќе стручни и научноистражувачки трудови, а бил и член на уредувачки одбор на списанието „Македонски медицински преглед” и „Македонско медицинско електронско списание”. Д-р Виктор Камилоски е акредитиран од страна на Министерството за правда како судски вештак по Хирургија и трауматологија.

Стручно усовршување во странство остварил со бројни студиски престои во Словенија, Франција, Белгија, Турција, САД и др.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи при Универзитетската клиника за хируршки болести „Св.Наум Охридски” во Скопје, Министерството за здравство на Република Македонија, Министерството за труд и социјална политика на Република Македонија, Владата на Република Македнија, како и Агенцијата за лекови и медицински средства МАЛМЕД.

Д-р Виктор Камилоски бил член на Етичката комисија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Бил член на повеќе рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Виктор Камилоски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Медицинскиот факултет.

**ОБРАЗЕЦ 1**
**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **ВИКТОР ТОМЕ КАМИЛОСКИ**
**Институција:** Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј”, Скопје
**Научна област:** ХИРУРГИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 8,70<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,50 | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: трауматологија, поле: медицински науки и здравство, подрачје: хирургија. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Acta Clinica Croatica<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Analysis of the hemoglobin level drop in patients with hip fracture after admission.<br>4. Година на објава: 2017,56:645-649 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Hand Therapy<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Outcomes of surgically treated distal radius fractures with associated triangular fibrocartilage complex injury.<br>4. Година на објава: 2019; 32(1):57-63 | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: The Journal of Hand Surgery (European Volume)<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: The correlation of initial radiographic characteristics of distal radius fractures and injuries of the triangular fibrocartilage complex<br>4. Година на објава: 2016; 41E(5):516-520 | ДА |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Archives of Orthopaedic and Trauma Surgery<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Influence of the associated lesions of the intrinsic ligaments on distal radius fractures outcome.<br>4. Година на објава: 2015; 135(6):831-838 | ДА |
| 3.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Microbiology, Immunology and Infection<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Testicular infection in brucellosis: Report of 34 cases<br>4. Година на објава: 2018; 51(1):82-87 | ДА |
| 3.6 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Physioacta<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 25 членови, Македонија (9), Словенија (1), Србија (3), Турција (1), САД (1), Германија (1), Црна Гора (1), БИХ (3), Белорусија (1), Албанија (1), Романија (2), Бугарија (1) | ДА |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: A review of the morpho-anatomy and classification of the rotator cuff injuries<br>4. Година на објава: 2017;11(3): 57-68 | |
| 3.7 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: Acta Morphol.<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 13 членови, Макединија (3), Италија (2), Србија (1), Австрија (1), Романија (1), Турција (1), БиХ (1), Португалија (1), Бугарија (1), Аргентина (1)<br>3. Наслов на трудот: Anatomy and classification of the labro-capsular and tendon injuries of the shoulder.<br>4. Година на објава: 2017;14(2): 31-42 | ДА |
| 3.8 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: FESSH abstracts. Journal of Hand Surgery (European Volume), vol. 43, 2_suppl: pp. S17-S210<br>2. Назив на меѓународниот собир: 13 FESSH Congress, Копенхаген, Данска, 13.-16.06.2018 година<br>3. Имиња на земјите: Бројни од Европа и цел свет<br>4. Наслов на трудот: Outcomes of distal radius fractures associated with triangular fibrocartilage complex injury.<br>5. Година на објава: 2018 | ДА |
| 4.1 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Класификации во трауматологијата.<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2017 | ДА |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: Билтен број 1080 од 1.7.2014, избор на VII седница на ННС на Медицински факултет, Скопје на 30.9.2014 година | ДА |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Славчо Стојменски с.р.**
**Проф. д-р Игор Кафтанџиев с.р.**
**Проф. д-р Зоран Караџов с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **ВИКТОР ТОМЕ КАМИЛОСКИ**
**Институција:** Медицински факултет, Универзитет „Св.Кирил и Методиј”, Скопје
**Научна област:** хирургија, трауматологија

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава од прв циклус студии<br>Катедра за хирургија, 74 часови x 0,04 | 2,96 |
| 2 | Одржување на менторска настава за здравствена клиничка практика<br>Катедра за хирургија, 2140 часови x 0,06 | 128,4 |
| 3 | Настава во школи и работилници<br>Центар за семејна медицина, Медицински факултет, предавач во модули:<br>2014 година, 2 модули x 1 поен = 2 поена<br>2015 година, 2 модули x 1 поен = 2 поена<br>2016 година, 2 модули x 1 поен = 2 поена<br>2017 година, 2 модули x 1 поен = 2 поена<br>2018 година, 2 модули x 1 поен = 2 поена<br>Вкупно = 10 поени | 10 |
| | Ментор и едукатор на здравствена едукација | |
| 4 | Катедра за хирургија, едукатор на здравствена едукација:<br>- едукатор на специјализант по турнус Трауматологија со времетраење 4 месеци 35 неделен број часови x 16 работни недели x 0,08 поени = 44,8 поени<br>- едукатор на специјализант по турнус Трауматологија, со времетраење три месеци 35 неделен број часови x 12 работни недели x 0,08 поени = 33,6 поени<br>- едукатор на специјализант по турнус Трауматологија, со времетраење три месеци 35 неделен број часови x 12 работни недели x 0,08 поени = 33,6 поени<br><br>Катедра за хирургија, ментор на здравствена едукација:<br>- ментор на специјализант по специјализација Трауматологија (вк.5 семестри: еден во 2014, два во 2015, два во 2016г.);<br>1 специјализант x 5 семестри x 35 неделен број часови x 15 работни недели во семестар x 0,08 поени= 210 поени<br>- ментор на специјализант по специјализација Трауматологија (вк.5 семестри: еден во 2014, два во 2015, два во 2016г.); | 700 |

| | | |
|---|---|---|
| | 1 специјализант х 5 семестри х 35 неделен број часови х 15 работни недели во семестар х 0,08 поени= 210 поени<br>- ментор на специјализант по специјализација Трауматологија (вк.4 семестри: два во 2015, два во 2016г.);<br>1 специјализант х 4 семестри х 35 неделен број часови х 15 работни недели во семестар х 0,08 поени= 168 поени | |
| 5 | Центар за семејна медицина, едукатор на здравствена едукација во периодот 2014-2018:<br>- 2014 година едукатор:<br>6 кандидати х 35 неделен бр.часови х 1 недела х 0,08 = 16,8 поени<br>- 2015 година едукатор:<br>4 кандидати х 35 неделен бр.часови х 1 недела х 0,08 = 11,2 поени<br>- 2016 година едукатор:<br>2 кандидати х 35 неделен бр.часови х 1 недела х 0,08 = 5,6 поени<br>1 кандидати х 35 неделен бр.часови х 2 недели х 0,08 = 5,6 поени<br>Вкупно: 11,2 поени<br>- 2017 година едукатор:<br>2 кандидати х 35 неделен бр.часови х 1 недела х 0,08 = 5,6 поени<br>- 2018 година едукатор:<br>1 кандидати х 35 неделен бр.часови х 2 недели х 0,08 = 5,6 поени | 50,4 |
| 6 | Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд<br>Член на комисија за одбрана на докторска дисертација на 13.7.2015 | 0,7 |
| | Член на комисија за оцена или одбрана на специјалистичка работа | |
| 7 | Член на комисија за полагање на специјалистички испит по семејна медицина:<br>1. 10.5.2016<br>2. 10.5.2016<br>3. 10.5.2016<br>4. 8.5.2014<br>5. 8.5.2014<br>6. 8.5.2014<br>6 комисии х 0,2 = 1,2 поени | 1,2 |
| 8 | Член на комисија за полагање на специјалистички испит по општа хирургија:<br>1. 22.9.2015<br>2. 11.12.2015<br>2 комисии х 0,2 = 0,4 поени | 0,4 |
| 9 | Член на комисија за полагање на специјалистички испит по физикална медицина и рехабилитација:<br>1. 15.10.2014<br>2. 15.4.2015<br>3. 25.11.2015<br>4. 1.12.2017 | 0,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4 комисии х 0,2 = 0,8 поени | |
| 10 | Член на комисија за полагање на субспецијалистички испит по трауматологија, 3.3.2017, 0,2 поени | 0,2 |
| | **Вкупно** | 895,06 |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | |
| 11 | Kamiloski V, Kasapinova K. Analysis of the hemoglobin level drop in patients with hip fracture after admission. Acta Clinica Croatica, 2017; 56:645-649. DOI:10.20471/acc.2017.56.04.10<br>90% од 8 + 0,497 импакт фактор = 7,2 + 0,497 = 7,697 | 7,697 |
| 12 | Kasapinova K, Kamiloski V. Outcomes of surgically treated distal radius fractures with associated triangular fibrocartilage complex injury. Journal of Hand Therapy, 2019; 32(1):57-63. DOI:10.1016/j.jht.2017.09.002<br>90% од 8 + 1,040 импакт фактор = 7,2 + 1,040 = 8,24 | 8,24 |
| 13 | Kasapinova K, Kamiloski V. The correlation of initial radiographic characteristics of distal radius fractures and injuries of the triangular fibrocartilage complex. The Journal of Hand Surgery (European Volume), 2016; 41E(5):516-520. DOI:10.1177/1753193415624669<br>90% од 8 + 2,037 импакт фактор = 7,2 + 2,037 = 9,237 | 9,237 |
| 14 | Kasapinova K, Kamiloski V. Influence of the associated lesions of the intrinsic ligaments on distal radius fractures outcome. Archives of Orthopaedic and Trauma Surgery 2015; 135(6):831-838. DOI: 10.1007/s00402-015-2203-0<br>90% од 8 + 1.597 импакт фактор = 7,2 + 1.597 = 8,797 | 8,797 |
| 15 | Bosilkovski M, Kamiloski V, Miskova S, Balalovski D, Kotevska V, Petrovski M. Testicular infection in brucellosis: Report of 34 cases. Journal of Microbiology, Immunology and Infection, 2018; 51(1):82-87. DOI:10.1016/j.jmii.2016.02.004<br>60% од 8 + 2,094 импакт фактор = 74,8 + 2,094 = 6,894 | 6,894 |
| | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, | |

| | | |
|---|---|---|
| | при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови | |
| 16 | Kamiloski V, Kasapinova K. A review of the morpho-anatomy and classification of the rotator cuff injuries. Physioacta, 2017;11(3): 57-68<br>90% од 5 = 4.5 | 4,5 |
| 17 | Kamiloski V, Kasapinova K. Anatomy and classification of the labro-capsular and tendon injuries of the shoulder. Acta Morphol. 2017;14(2): 31-42<br>90% од 5 = 4.5 | 4,5 |
| 18 | Kamiloski M, Todorovic L, Simeonov R, Kamiloski V, Kasapinova K, Superliska S. Minimal invasive surgical treatment of radial head and neck fractures in children with ESIO (elastic stable intramedullary osteosynthesis) – our early results. Physioacta, 2017;11(3): 77-83<br>60% од 5 = 3 | 3 |
| 19 | Kasapinova K, Kamiloski V. Open reduction and internal fixation versus external fixation and/or Kirschner wires for distal radius fractures. A systematic review. Contributions. Section of Medical Sciences. MASA 2014;35(1):225-236<br>90% од 5 = 4.5 | 4,5 |
| 20 | Kasapinova K, Kamiloski V. Analysis of the arthroscopically diagnosed soft-tissue injuries associated with distal radius fractures. Maced J Med Sci 2014; 7(2): 277-282<br>90% од 5 = 4,5 | 4,5 |
| 21 | Kasapinova K, Kamiloski V. The value of initial radiographic characteristics of the distal radius fractures in prediction of associated lesion of the triangular fibrocartilage complex. Physioacta 2014; 7(3):39-50<br>90% од 5 = 4,5 | 4,5 |
| 22 | Kasapinova K, Kamiloski V. Scapho-lunate and lunotriquetral ligament lesions associated with distal radius fractures. Medicus 2014; 19(3):439-447<br>90% од 5 = 4,5 | 4,5 |
| 23 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание<br>Камилоски В, Касапинова К. Влијанието на медицинските-судски вештаци во насока на воедначувањето на судската практика во врска со надомест на нематеријална штета при сообраќајни незгоди. Правоматика, правна ревија, 2016;1: 6-16<br>90% од 2 = 1,8 | 1,8 |
| 24 | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>FESSH abstracts. Journal of Hand Surgery (European Volume), vol. 43, 2_suppl: pp. S17-S210 , A-1021<br>Outcomes of distal radius fractures associated with triangular fibrocartilage complex injury. Katerina Kasapinova and Viktor Kamiloski, p SS186, https://doi.org/10.1177/1753193418769834 | 4,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 90% од 5 = 4,5 | |
| | Секциски предавања на научен/стручен собир | |
| 25 | Предавач на стручен состанок на тема ,,Повреди и ортопедски заболувања на горен екстремитет: третман, резултат и компликации”, МАДОТ, Дојран, 8.5.2015 | 1 |
| 26 | Предавач на стручен состанок на тема ,,Дегенеративни заболувања и повреди на колениот зглоб”, МАДОТ, Скопје, 18.3.2016 | 1 |
| 27 | Предавач на стручен состанок на тема ,,Артроскопијата во ортопедијата и трауматологијата”, МАДОТ, Градско, Велес, 23.9.2016.<br>2 предавања x 1 поен = 2 поена | 2 |
| 28 | Предавач на стручен состанок на тема ,,Дегенеративни промени и повреди на горни екстремитети”, МАДОТ, Скопје, 20.10.2017.<br>2 предавања x 1 поен = 2 поена | 2 |
| 29 | Предавач на стручен собир на тема ,,Анализа на судската практика и нејзината разнообразност во врска со надомест на нематеријална штета”, Правоматика, Скопје, 12.4.2016 | 1 |
| 30 | Одржано предавање по покана на универзитет:<br>Филозофски факултет, Скопје, Институт за дефектологија,<br>Наслов: ,,Повреди од сообраќајни несреќи – водечка причина за смрт кај младата популација”, 7.11.2016 | 1 |
| 31 | Одржано предавање на семинар за потребите на меѓународни спортски здруженија и федерации:<br>UEFA Football doctor education programme, Injury Diagnosis and Treatment<br>Наслов: ,,Препонски повреди, дијагноза и менаџирање”, 20.2.2016 | 1 |
| | Учество на научен/стручен собир со реферат, усна презентација | |
| 32 | 7th Balkan Congress of Arthroscopy, Sports Traumatology and Knee Surgery, Thessaloniki, Greece, 29.09-01.10.2016 година. Тема ,,Outcomes of distal radius fractures with scapho-lunate and/or lunotriquetral ligament injury” | 1 |
| 33 | Осми балкански конгрес по артроскопија, спортска трауматологија и колена хирургија, Струга, 18.-20.5.2017 година.<br>4 презентации на тема:<br>“Shoulder arthroscopy: challenge and reality”<br>“Arthroscopic treatment of dorsal wrist ganglia”<br>“Wrist arthroscopy: evolution, portals, arthroscopic wrist anatomy and indications”<br>“Wrist arthroscopy techniques in our practice”<br>4 презентации x 1 поен = 4 поени | 4 |
| 34 | 13 FESSH Congress, Копенхаген, Данска, 13.-16.6.2018 година.<br>Усна презентација на тема: | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | “Outcomes of distal radius fractures associated with triangular fibrocartilage complex injury” | |
| | Апстракт објавен во зборник на конференција, меѓународна | |
| 35 | Книга на апстракти, 7th Balkan Congress of Arthroscopy, Sports Traumatology and Knee Surgery, Thessaloniki, Greece, 29.9-01.10.2016 година.<br>Наслов: ,,Outcomes of distal radius fractures with scapho-lunate and/or lunotriquetral ligament injury” | 1 |
| 36 | Книга на апстракти, Осми балкански конгрес по артроскопија, спортска трауматологија и колена хирургија, Струга, 18.-20.5.2017 година.<br>1. “Shoulder arthroscopy: challenge and reality”<br>2. “Arthroscopic treatment of dorsal wrist ganglia”<br>3. “Wrist arthroscopy: evolution, portals, arthroscopic wrist anatomy and indications”<br>4. Wrist arthroscopy techniques in our practice”<br>5. “Initial radiography has no predictive value for associated triangular fibrocartilage complex tears in distal radius fractures”<br>5апстракти x 1 поен = 5 поени | 5 |
| 37 | Книга на апстракти, 13 FESSH Congress, Копенхаген, Данска, 13.-16.6.2018 година.<br>A-1021 “Outcomes of distal radius fractures associated with triangular fibrocartilage complex injury” | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 99,165 |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 38 | Автор на стручна монографија, рецензирана<br>,,Класификации во трауматологијата”, 2017 година | 8 |
| 39 | Предавање на институции од јавен интерес<br>Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, Скопје, 14.11.2014 година<br>Тема: ,,Сообраќаен трауматизам и последиците” | 0,5 |
| 40 | Клиничка или научно-апликативна студија во областа на медицинските науки и здравството, раководител<br>Научноистражувачки проект: ,,Клиничко испитување на тераписката ефикасност, подносливост и безбедност на Furexa (Алкалоид АД, Скопје) во споредба со Zinacef (Glaxo Smith Kline) во пероперативна профилакса на инфекции кај пациенти со оперативно лекувана фрактура на колкот “ | 2 |
| 41 | Член на комисија за изработка на измени и дополнувања на закон и изработка на подзаконски акт:<br>Министерство за здравство бр. 11-2392/1 од 17.3.2016 година - подготовка на правилник за категоризација на болничките установи | 2 |
| | | |

| **Дејности од поширок интерес** | | |
|---|---|---|
| 42 | Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание ,,Македонско медицинско електронско списание” | 1 |
| 43 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир: Член на организационен одбор на Осми балкански конгрес по артроскопија, спортска трауматологија и колена хирургија, Струга, 18.-20.5.2017 година, со меѓународно учество | 1 |
| 44 | Член на факултетска комисија Член на Етичка комисија за истражување на луѓе на Медицинскиот факултет во Скопје | 0,5 |
| | Член на комисија за избор во звање | |
| 45 | Рецензентска комисија за избор на 7 научни работници по Хирургија од 11.11.2015 | 0,2 |
| 46 | Решение за рецензентска комисија за избор на 8 научни работниц по Хирургија од 13.7.2015 | 0,2 |
| 47 | Решение за рецензентска комисија за избор на 22 асистента - докторанди по Хирургија од 23.2.2016 | 0,2 |
| 48 | Решение за рецензентска комисија за избор на 4 научни работници по Хирургија од 15.11.2016 | 0,2 |
| | Учество во комисии и тела на државни и други органи | |
| 49 | Лекарска комора на РМ бр.21-835/2 од 12.9.2016 година, член на Испитна комисија за полагање на прв дел од стручен испит на студентите по медицина | 1 |
| 50 | Агенција за лекови и медицински средства МАЛМЕД, Комисија за лекови за хумана употреба бр.02-74371/1 од 10.9.2015, претседател | 1 |
| 51 | Влада на Република Македонија, бр.24-465/1 од 25.01.2015 година, Стручна комисија за набавка на остеосинтетски материјали за потребите на ЈЗУ во Република Македонија | 1 |
| 52 | ЈЗУ Универзитетска клиника за хируршки болести ,,Св.Наум Охридски” Скопје, 02-1316/3-4 од 12.5.2016 година, член на Комисија за етички прашања | 1 |
| 53 | Влада на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика бр.02-3937/1 од 30.5.2016 година, член на Комисија за инвалидност и неспособност за работа | 1 |
| 54 | Влада на Република Македонија, Министерство за труд и социјална политика бр.09-2264/1 од 4.3.2015 година, член на Комисија за инвалидност и неспособност за работа | 1 |
| 55 | Влада на Република Македонија, бр.24-7842/1 од 15.7.2015 година, Стручна комисија за набавка на медицинска опрема за ЈЗУ УК за хируршки болести ,,Св.Наум Охридски” | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | 22,8 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 895,06 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 99,165 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 12,5 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 10,3 |
| **Вкупно** | 1017,025 |

**Членови на Комисијата**
**Проф.д-р Славчо Стојменски с.р.**
**Проф.д-р Игор Кафтанџиев с.р.**
**Проф.д-р Зоран Караџов с.р.**

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на вонр. проф. д-р Виктор Камилоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека вонр. проф. д-р Виктор Камилоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научните области: хирургија и трауматологија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, вонр. проф. д-р Виктор Камилоски да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научните области: хирургија и трауматологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Славчо Стојменски с.р.**
**Проф. д-р Игор Кафтанџиев с.р**
**Проф. д-р Зоран Караџов с.р**

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИНТЕРНА МЕДИЦИНА И НЕФРОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет - Скопје, објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 7.2.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) интерна медицина и нефрологија, како и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1248/7, донесена на 15.3.2019 формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Гоце Спасовски, проф. д-р Петар Дејанов, проф. д-р Ѓулшен Селим, проф. д-р Горица Брешковска и проф. д-р Оливер Каранфилски.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област ИНТЕРНА МЕДИЦИНА И НЕФРОЛОГИЈА, во предвидениот рок се пријавија: ас. д-р Павлина Џекова-Видимлиски, насл. доц. д-р Игор Николов, в.н.сор. д-р Весна Герасимовска, в.н.сор. д-р Билјана Герасимовска-Китановска, асистент докторанд д-р Ирена Рамбабова-Бушљетиќ и асистент докторанд д-р Лада Трајческа.

### 1. Д-р ВЕСНА ГЕРАСИМОВСКА
### БИОГРАФИЈА

| 1 | 1. **Irena Rambabova Busljetic**, Z. Popov, J. MAsin Spasovska, P. Kolevski, G. Spasovski, N. Ivanovski Could living unrelated renal transplantation ameliorate the actual shortage of organs in BAlcan region? Fourth Congress of Nephrology with international participation 10-13 May 2012, Skopje. R. Macedonia<br>2. Д. Младенвска, Л. Стаматов, Е МАсин –Спасовска, **И Рамбабова-Бушљетиќ**, А. Шиколе, Н. Ивановски . **Како до повеќе живи дарители**.Четврти конгрес по нефрологија со меѓународно учество, 10-13 мај 2012 год.<br>3 Н. Ивановски, К. Чакаларовски, П. Колевски, Е. МАсин Спасовски, **И. РАмбабова –Бушљетиќ,** Г. Северова Андреевска. С. ПАвлеска Кузмановска, Ж. Попов. **Трансплантација на бубрег од жив дарител со проширени индикации**. Четврти конгрес по нефрологија со меѓународно учевство, 10-13 мај 2012 год.<br>4. **IrenaRambabova Bushlejetik**, J. Masin Spasovska,Gjulsen Selim, Olivera Stojceva Taneva, Oliver Stankov, Sotir Stavridis, Skender Saidi, Saso DOhcev, Goce Spasovski. COMPARISON OF GRAFT FUNCTION AND FACTORS OD INFLUENCE ESTIMATED WITH THREE FORMULAS BASED ON SERUM CREATININE DURINF TWELVE MONTHS AFTER TRANSPLANTATION, WITJ BASIC FUNCTION OF DONATED KIDNEY MEASURED WITH RADIOISOTOPES 5-TH Congressof Macedonian society of nephrology, Dyalisis , Transplantaion and artificial organs. 9-12 June 2016. Skopje. | |
| | **Вкупно:** | **149,07** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. бр.** | **Назив на активноста:** | |
|---|---|---|
| **1.** | **Поглавје во книга /коавтор/** | **Поен 0,5x4 =2** |
| | Stefan Arsov. Advanced Glycation End Products in hemodialysis Patients. Chapter 3, Chapter 5, Chapter 6, Chapter 7, 2013 4x0,5=2 | 2 |
| **2.** | **Експертски активности** | **1** |
| 1. | Решение за работна група за предавачи на 100 селектирани МБД упатства теориски и практичен дел за спроведување на порграма за едукација на избрани лекари за 2014/2015 год.(Службен весник бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11). | |
| **3.** | **Воведување нова јавно-здравствена метода во областа на здравството** | **4** |
| | Анализа на уринарни протеомични анализи | |
| **4.** | **Директор** | **6** |
| **5.** | **Автор на брошура за пациенти** | |
| **6.** | **Завршена специјализација** | **2** |
| **7.** | **Завршена суспецијализација** | **1** |

| | | |
|---|---|---|
| **8.** | **ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС** | **3** |
| **1.** | **Член на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир со меѓународно учество:**<br><br>1. Организационен одбор на 5. Конгрес на Македонското здружение на нефрологија, дијализа и трансплантација и вештачки органи. 9-12.6.2016. Скопје.<br>2. Организациски борд на секција Новини во нефрологијата 2018.<br>3. Организациски одбор на 4 на МЗНДТВО Скопје . Македонско – хрватски денови.<br>4. Организациски одбор 36th annual meeting of the International Society of Blood purification and ERA EDTA & ISN CME courses, 06-09 September, Skopje, Macedonia<br>5. Организација на секција на медицински сестри и техничари на нефрологија, дијализа и трансплантација на тема: МОДАЛИТЕТИ НА БУБРЕЖНА ЗАМЕСТИТЕЛНА ТЕРАПИЈА, 24.11.2018, Скопје | **0,5**<br><br>**0,5**<br>**0,5**<br><br>**1**<br><br>**0,5** |
| 2. | **Награда за научни постигнувања од струкова организација** | **3x1=3** |
| | - Диплома од МЛД | |
| **3.** | **Студиски престој во странство над 3 месеци** | |
| | | |
| **4.** | **Студиски престој во странство до 3 месеци** | **0.5** |
| | КБ Меркур - Загреб-Оддел за нефрологија | |
| **6.** | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | **1x4=4** |
| | Комисија за вршење на надзор над стручната работа на центрите за дијализа (Бр. 10-5108/1.)<br>Комисија за оценување на условите за добра клиничка пракса. (бр. 03-11427/1)<br>Национална стручна комисија за ретки болести. (Решение бр. 17-808/1)<br>Стручна комисија од обласа на трансплантација на органи, ткива и крвотворни матични клетки. | |
| | **Вкупно:** | **26,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | 186,7 |
| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ | 149,07 |
| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ | 26,5 |
| Вкупно: | 362,27 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Гоце Спасовски,претседател с.р**
**Проф. д-р Петар Дејанов, член с.р**
**Проф. д-р Ѓулшен Селим,член с.р**
**Проф. д-р Оливер Каранфилски,член с.р**
**Проф. д-р Горица Брешковска,член с.р**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно - образовната, научно - истражувачката и стручно - апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на ас. д-р Павлина Цекова Видимлиски, насл.доц. д-р Игор Николов, в.н.сор. д-р Весна Герасимовска, в.н.сор. д-р Билјана Герасимовска Китановска, асистент докторанд д-р Ирена Рамбабова Бушљетиќ и асистент докторанд д-р Лада Трајческа.

Имајки го предвид актуелниот момент во кој и Медицинскиот факултет и УКИМ и претставници на законодавниот дом ја согледале инсуфициентноста на законските одредби, поради што е и покренатата иницијатива за менување на спорните законски одредби, Комисијата по исцрпно разгледување на документите предлага избор на кандидати со највисоки стручни, научни и професионални квалитети.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека в.н.сор д-р Весна Герасимовска и в.н.сор д-р Билјана Герасимовска Китановска поседуваат научни и стручни квалитети (според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј” во Скопје) и ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето вонреден професор во научната област Интерна Медицина и нефрологија, и ас. Д-р Павлина Цекова Видимлиски во звањето доцент во научната област Интерна Медицина и нефрологија.

Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот Факултет во Скопје, в.н.сор. д-р Весна Герасимовска и в.н.сор. д-р Билјана Герасимовска Китановска, да бидат избрани во звањето вонреден професор во научната област интерна медицина и нефрологија и ас. д-р Павлина Цекова Видимлиски во звањето доцент во научната област интерна медицина и нефрологија.

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Гоце Спасовски,претседател с.р**
**Проф. д-р Петар Дејанов, член с.р**
**Проф. д-р Ѓулшен Селим,член с.р**
**Проф. д-р Оливер Каранфилски,член с.р**
**Проф. д-р Горица Брешковска,член с.р**

До
ДЕКАНОТ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ,
УНИВЕРЗИТЕТ “СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ”СКОПЈЕ
НАСТАВНО-НАУЧЕНИОТ СОВЕТ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ
РЕЦЕНЗИСКА КОМИСИЈА

**П Р И Г О В О Р**

Од д-р сци. мед. Драган Тантуровски,вработен во Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство - Скопје

**НА ОБЈАВЕНИОТ** РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА 7 НАСТАВНИЦИ ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ПРЕДМЕТОТ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ГИНЕКОЛОГИЈА И АКУШЕРСТВО И АКУШЕРСТВО СО НЕГА НА МЕДИЦИСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ.

Врз основа на конкурсот на Универзитетот “Св.Кирил и Методиј”,Медицински факултет Скопје, објавен во весниците “Вечер “ и “Коха” од 7.02.2019 година, за избор на 7 наставници во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, и врз основа на Одлука на Наставно-научниот совет бр. 02-1248/3, донесена на 15.3.2019 година, како и условите за избор на наставно-научни звања утврдени во член 160, став (6) и (8) од Законот за високо образование (Службен весник на РМ број 82/2018), во кој е утврдено следното и Правилникот за посебни услови и постапка за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универитетскиот гласник број 411 од 5.11.2018), формирана е РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА во состав: д-р Горан Димитров, доцент на Катедрата за гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Глигор Тофоски, доцент на Катедрата за гинекологија и акушерство на Медицискиот факултет во Скопје и д-р Ана Данева Маркова, доцент на Катедрата за гинекологија и акушерство на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија во својот заклучок за избор на наставници наведува дека д-р сци. Драган Тантуровски, согласно со Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 82/2018), во кој е утврдено: „(6) На иста единица на универзитет не можат да бидат избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања лица кои се роднини по крв во права линија до кој и да е степен; (8) Одредбите од ставот (6) не се однесуваат на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни или соработнички звања пред стапување во сила на овој Закон”, не ги исполнува условите за избор во наставно-научни звања поради тоа што неговиот син е веќе избран како асистент докторант на истата единица на Универзитетот.

Сметам дека Рецензентската комисија треба да ја преиспита својата одлука за избор, како погрешно толкување на одредбите на Законот за високото образование и Правилник за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања, поради тоа што синот, кој е асистент докторанд, не би можел да влијае со својот авторите на изборот на својот родител да биде избран во наставно-научно звање повисоко од неговото.

Повторно е направен превид и по однос на редоследот на бодовната листа на кандидатите изготвена од рецензентската комисија, каде што јас сум бодиран со 434,2 бода, пред кандидатите Ирена Алексиоска Папестиева со 343,518 бода и Иво Ќаев со 246,654 бода .

Се надевам дека Рецензентската комисија и Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет ќе ги земат предвид горенаведените укажувања и ќе се произнесат позитивно по овој Приговот.

7.6.2019

Со почит,
Подносител
Д-р Драган Тантуровски с.р.

До
Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет во Скопје

**Предмет:** Одговор на Приговорот поднесен од страна на д-р сци.мед. Драган Тантуровски, во врска со заклучокот на Рефератот за избор на седум наставници во сите наставно-научни звања по предметот од наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бр. 1193 од 1.6.2019 година.

Во врска со Приговорот на заклучокот на Рецензентската комисија, доставен од д-р сци.мед Драган Тантуровски, Рецензентската комисија го разгледа Приговорот и го дава следниов Одговор:

Во однос на наводот од Приговорот за погрешно толкување на Законот за високото образование, би сакале да истакнеме дека е правилно применет членот 160 од Законот за високото образование. Имено, согласно со член 160, став (6) од Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 82/2018), утврдено е следното:
„(6) На иста единица на универзитет не можат да бидат избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања лица кои се роднини по крв во права линија до кој и да е степен."

Во дадениот случај, синот на подносителот на Приговорот е веќе избран за асистент докторанд на истата единица на Универзитетот односно на Медицинскиот факултет во Скопје.

Одредбата, пак, од ставот (8) на истиот член, каде што е утврдено дека „одредбата од ставот (6) не се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни или соработнички звања пред стапување во сила на овој Закон“, во конкретниов случај не може да се примени за подносителот на Приговорот од причина што тој не е избран во ниедно звање пред влегување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 82/2018).

Рецензентската комисија уште еднаш би сакала да истакне дека во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на седум наставници во сите наставно-научни звања по предметот од наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега, во целост се придржуваше до сите одреби предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови, критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник број 411 од 5.11.2018).

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот, односно на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага ас. д-р сци. Сашо Стојчевски, асистент докторанд д-р сци. Елена Цикова, помл. ас. д-р сци. Викторија Јовановска, ас. д-р сци. Игор Алулоски, помл. ас. д-р сци. Драге Дабески, асистент докторанд д-р сци. Ирена Алексиоска Папестиев и асистент докторанд д-р сци. Иво Ќаев, да бидат избрани во звањето доцент по предметите од наставно-научните области: гинекологија и акушерство и гинекологија и акушерство со нега.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Горан Димитров с.р.**
**Доц. д-р Глигор Тофоски с.р.**
**Доц. д-р Ана Данева Маркова с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ИСТОРИЈА НА ПРАВОТО НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (УКИМ), на својата седница одржана на 10.6.2019 год., донесе Одлука бр. 02-724/3 од 10.6.2019 год., со која формираше Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област историја на правото, а врз основа на претходно дадена согласност на предложените членови, и тоа: проф. д-р Биљана Поповска (бр. 03-738/2 од 6.6.2019 год.), проф. д-р Сашо Георгиевски (бр. 03-738/1 од 6.6.2019 год.) и проф. д-р Мелина Гризо (бр. 03-738/3 од 6.6.2019 год.).

По разгледувањето на приложените документи и трудови, а врз основа на член 173 од Законот за високото образование, како и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Рецензентската комисија во горенаведениот состав, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На конкурсот објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ од 30.5.2019 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област историја на правото се пријави д-р Мишо Докмановиќ, досегашен вонреден професор на научната област историја на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Кандидатот д-р Мишо Докмановиќ, во прилог на својата пријава ги достави следниве документи: кратка биографија; диплома за стекнат академски степен - доктор на правни науки, издадена од Правниот факултет „Јустинијан Први“; диплома за стекнат академски степен магистер на правноисториски науки, издадена од Правниот факултет „Јустинијан Први“; изјава дека ги исполнува општите и посебните услови за пријавување на конкурсот; список на научни и стручни трудови и примероци од нив; преглед на наставно – образовната, научноистражувачката и стручно–апликативната дејност, уверение за државјанство, како и друга придружна документација која ги потврдува наводите во биографијата.

Составен дел на овој Извештај се и Образецот 1 за исполнетост на општите услови за избор во наставно-научно звање – редовен професор, како и Образецот 2 за исполнетост на посебните услови за избор во наставно-научни, научни и наставно-стручни звања за кандидатот д-р Мишо Докмановиќ.

**I. Биографски податоци**

Кандидатот д-р Мишо Докмановиќ е роден на 5.7.1979 година во Загреб, Хрватска. Основно образование завршил во ОУ „Љубен Лапе“ во Скопје, како првенец на генерацијата. Средно образование завршил во гимназијата „Јосип Броз – Тито“ во Скопје, како првенец на генерацијата. Во учебната 1998/99 година се запишал на Правниот факултет во Скопје, каде што дипломирал како најдобар студент на генерацијата (просечна оценка 9,54), за што бил награден со наградата „Златен Јустинијан“.

Во октомври 2003 година се запишал на постдипломските студии по државноправна историја на Македонија на Правниот факултет „Јустинијан Први“. Ги

положил сите предвидени испити (просечна оценка 9,33) и на 14.6.2006 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Осамостојување на Република Македонија“, со што се стекнал со академски степен - магистер на правни науки од областа на правноисториските науки. Освен тоа, во февруари 2005 година се запишал и на постдипломски студии по современа дипломатија на Медитеранската академија за дипломатски студии, каде што магистрирал во ноември 2006 година со највисока почесна дезигнација ,,со истакнување“ (with distinction) и се стекнал со академскиот степен магистер по современа дипломатија.

Во август 2007 година ја пријавил темата за изработка на докторска дисертација под наслов „Државноправниот развој на Македонија во периодот од 1946 до 1953 година“ на Правниот факултет во Скопје, која ја одбранил на 26 јануари 2010 година и се стекнал со академски степен - доктор на правни науки.

За врвните резултати во научноистражувачката дејност, д-р Докмановиќ е добитник на наградата „Научник на годината“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за 2013 година. Тој е еден од најмладите добитници на оваа награда досега.

Во образовните активности на Правниот факултет е вклучен од септември 2001 година како демонстратор по историја на правото. Бил избран за помлад асистент во 2005 година, за асистент - 2006 година, за доцент - 2010 година и за вонреден професор на оваа научна област во 2014 година.

Д-р Докмановиќ учествувал на конференции, семинари и студиски престои во преку 60 земји. Бил инволвиран во повеќе научноистражувачки проекти финансирани од Европската комисија (TEMPUS, FP7), USAID, Австриската и швајцарската развојна соработка, Светскиот универзитетски сервис – Австрија, Институтот Отворено општество, Атлантската асоцијација, Безбедносниот форум за Централна и Југоисточна Европа на НАТО, фондацијата ,,Дипло“ - Женева итн. Тој е ангажиран и како евалуатор на меѓународни проекти и во тоа својство бил ангажиран од страна на Светската Банка, Европската Унија, владите на Ирска, Србија, Црна Гора итн.

Кандидатот е автор и коавтор на преку 70 научни и стручни трудови, објавени во референтни списанија во земјата и странство. Д-р Докмановиќ е автор на првиот универзитетски учебник за американската надворешна политика објавен на македонски јазик - „Балканот и американската дипломатија во XX век“, кој излезе од печат и беше промовиран во 2015 година. Член е на повеќе меѓународни здруженија, вклучувајќи го Европското друштво за компаративна правна историја.

Д-р Мишо Докмановиќ е претседател на Македонско–американската алумни асоцијација (МААА), претседател на Управниот одбор на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ. Член е на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (од 2017 година). Од октомври 2017 година кандидатот, д-р Докмановиќ е член на Делегацијата на Република Северна Македонија во Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (International Holocaust Remebrance Alliance).

Д-р Мишо Докмановиќ зборува англиски, српски и германски јазик, а има и основни познавања од грчкиот јазик.

Во пријавата за овој конкурс се дадени активностите по ноември 2014 година. За активностите од претходниот период: Билтен на УКИМ број 985 од 30.4.2010 (избор за доцент), Билтен на УКИМ број 1089 од 1.12.2014 (избор за вонреден професор) .

## *II. Наставно – образовна дејност и други остварувања*

По изборот за вонреден професор, д-р Мишо Докмановиќ одржувал настава на првиот и вториот циклус на правните и политичките студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје. Во тоа насока, како предметен наставник одржувал настава по следниве предметни програми: историја на правото, современа македонска историја (на англиски јазик), Балканот и американската дипломатија во XX век,

дипломатски протокол (историја и практика) и современа историја и дипломатија на Блискиот Исток на вториот циклус на студии. Обемот на ангажманот во наставата на д-р Докмановиќ е утврден со одлуките за распоред на работи и работни задачи на ННС и Деканската управа во периодот 2014 – 2019 година.

Оценката од спроведената евалуација на студентите за наставно – образовната дејност на д-р Мишо Докмановиќ континуирано е позитивна –учебна 2018/19 година (5,00/4,86), учебна 2017/18 година (5,00/4,8); учебна 2016/17 година (4,76/4,83); учебна 2015/16 година (4,84/5,00 и учебна 2014/15 година (4,61/5,00).

Во рамките на наставно–образовната дејност, д-р Докмановиќ подготвил нов предмет на вториот циклус студии - Современа историја и дипломатија на Блискиот Исток. За овој предмет подготвил предметна програма и пакет материјали.

Д-р Докмановиќ бил ментор на два магистерски труда во периодот по избор во звањето вонреден професор. Покрај тоа, бил член и на комисии за оцена и одбрана на магистерски труд (13) и на докторска дисертација (2). Покрај ангажманот на Факултетот, д-р Докмановиќ учествувал како предавач на поголем број на школи и работилници (12) прикажани во Образец бр. 2.

### ***III. Научноистражувачка дејност, податоци и оцена за објавените научни и стручни трудови***

Во периодот 2010 – 2014 година, кандидатот учествувал во повеќе национални и меѓународни проекти:

- раководител на националниот проект „Предизвици во организирањето на практична настава кај општествените науки: случајот на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (2018 година);
- раководител на националниот проект „Универзитет без корупција“, Амбасада на САД (2017-2018);
- раководител на националниот проект “Setting up Criteria for Quality in Social Sciences to Prevent Brain Drain in Macedonia”, Fondation suisse pour la recherche en sciences sociales, Lausanne, Civica Mobilitas Grant Program (2017);
- експерт на меѓународниот проект Historija, Istorija, Povijest – Lessons for Today, Anna Frank House, Amsterdam. Во рамките на овој проект, со соработка со д-р Бесник Емини ја подготвил изложбата на Ана Франк во Македонија (2015-2016);
- експерт за развој на културниот туризам во рамките на проектот „Скриените богатства на Скопската чаршија“, финансиран од страна на Регионалниот совет за соработка во рамките на кој изработил содржини на мобилна апликација Skopje Gems App (2018-2019);
- From Regulatory Impact Assessment of Handicraft Law to Improvement of the Business Environment in Macedonia (February – August 2018), EU/IPA;
- ISIE Budno Oko Project – Platform for Monitoring of the Use of Public Funds in the Secondary Education of Macedonia (2017-2018), Action SEE grant program, EU;
- “Will there be ‘Whistleblowers’ at the Universities? The Possibilities of the Law for Protection of Whistleblowers and Prevention of Corruption in the Higher Education of the Republic of Macedonia”, IPA Civil Society Facility, (2016-2017).

Кандидатот е автор на позитивно рецензираниот универзитетски учебник „Балканот и американската дипломатија во XX век“ (Билтен на УКИМ бр. 1088 од 14.11.2014 година).

По изборот во звањето вонреден професор, д-р Докмановиќ, како автор или коавтор ги има објавено следните трудови:

- Dokmanovic, M., Koevski, G., Spasevski, D., (2016) Is Social Entrepreneurship Achievable in Macedonia? An Analysis of the Historical Background, Potentials and

Perspectives for Concept Development. In: Revija za Socijalnu Politiku, Vol. 23, No. 2, Zagreb, pp. 197-213 (impact factor journal, Web of Science);

- Brsakoska – Bazerkoska, J., Dokmanovic, M. Learning by Doing: The EU's Transformative Power and Conflicts in the Western Balkans. In: Croatian International Relations Review, XXIII (79) – 2017, pp. 103-127, Scopus (impact factor journal);
- Dokmanovic, M., New Concept in Old Context: Transformation of Intellectual Property Legal Framework in Macedonia after the dissolution of Yugoslavia. In: Hannes Siegrist, Augusta Dimou (eds.), Expanding Intellectual Property: Copyrights and Patents in 20th Century Europe and Beyond (Leipzig Studies on the History and Culture of East-Central Europe, vol. 4), CEU Press: Budapest/N.Y, 2017, pp. 247-267;
- Dokmanovic, M., (2016) Rediscovering the Relationship Between Law And History: How to Teach Legal History in the 21st Century. In: Abushouk, A. I., Zweiri., M., (2016) Interdisciplinarity in History: Continuity and Change. Cambridge Scholar Publishing, Newcastle, pp. 76-91;
- Dokmanovic, M., (2016) Macédoine – 2015. In: Est Europa - Chronique politique et constitutionnelle des pays postcommunistes de l'espace balkanique - Année 2015 (dirigée par Odile Perrot), Institut Universitaire Varenne;
- Dokmanovic, M., Asprovska, M., Jovevska M., Vasilkovski, N., (2017) Macédoine – 2016. In: Est Europa - Chronique politique et constitutionnelle des pays postcommunistes de l'espace balkanique - Année 2016 (dirigée par Odile Perrot), Institut Universitaire Varenne;
- Dokmanovic, M., Zemon, A., Miloshevski, D., Nestoroski A., Macédoine – 2018. In: Est Europa - Chronique politique et constitutionnelle des pays postcommunistes de l'espace balkanique - Année 2018 (dirigée par Odile Perrot), Institut Universitaire Varenne;
- Mišo Dokmanović et Florent Marciacq, «Dérives autoritaires en Macédoine et passivité de l'Union européenne», P@ges Europe, 20 mai 2015, La Documentation française, DILA;
- Dokmanovic, M., (2017) National Statehood as the Primary Goal of Macedonian Political Emigration: the Case of the Liberation Committee of Macedonia, in: Jasek, P., (ed) (2017) Political Exile from Central and Eastern Europe: Motives, Strategies, Activities and Perception in the East and the West 1945 – 1989, Bratislava, National Remembrance Institute, pp. 95-111;
- Dokmanovic, M., Spasevski, D., Shapkova Kocevska, K., Preventing Corruption in Higher Education in Macedonia through Whistle-Blowing: Lessons Learned, In: Higher Education, Corruption and Whistleblowers – Proceedings of the International Conference on Corruption in Higher Education held on September 11, 2018 at South East Europe University, Skopje, ISIE, Skopje (2018), pp. 87-101;
- Gruevska, A.D., Dokmanovic, M., Shapkova, K.K., The Law on Protection of Whistleblowers in Function of Fighting Corruption: the Case of the Republic of Macedonia, In: International Conference Judicial Reforms and Anti -Corruption Practices: Challenges, Prospects and Transfers of Experience, SEE University, Tetovo (2018), pp. 23-41;
- Докмановиќ, М., „Шеесет години изучување на историјата на правото на Правниот факултет во Скопје (1951-2011 година)“ во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Марјан Марјановски, т.56, стр.315-331, Правен факултет, Скопје, 2017;
- Докмановиќ, М., „Изборите на првата декада – Сојузните и републичките избори територијата на Македонија во периодот од 1945-1953 година“, во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Јане Миљовски, т.54, стр. 325-341, Правен факултет, Скопје, 2016;

- Докмановиќ, М., Грчко – американските односи во првата половина на XX век, во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Петар Мангoвски, т.55, стр.185-199, Правен факултет, Скопје, 2016;
- Dokmanovic, M. (2016). A Framework Agreement before the Ohrid Agreement? An Analysis of the 1993 Macedonian Government Agreement with the Local Serbs. In: Iustinianus Primus Law Review, No. 14. Vol. VIII;
- Dokmanovic, M. (2015). The Executive Branch of Government in Macedonia in the Period from 1946 – 1953. In: Iustinianus Primus Law Review, No. 11. Vol. VI.;
- Докмановиќ, М., „Надворешната политика на САД и Албанија во периодот од 1912-1939 година“, во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во че/ст на проф. д-р Симеон Гелевски, т.51, стр.379-397, Правен факултет, Скопје, 2014;
- Dokmanovic, M., (2016) NGO Diplomacy and Small States: Lessons for Macedonia. In: Crossroads – Macedonian Foreign Policy Journal, Vol 4. No. 4, pp. 49 – 59;
- Dokmanovic, M., (2014). What's in a Name? Analyzing Macedonian – Greek Relations after the Fall of Yugoslavia In: Macedonian Political Science Forum E- Proceedings of Papers, Vol. I, No. 2, December 2014, Skopje;
- Докмановиќ, М., Трн во окото – актите на АСНОМ и грчките ставови во врска со македонското барање за прием во Обединетите нации, во: АСНОМ и македонската држава - Зборник на трудови од научниот собир по повод одбележувањето на седумдесетгодишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, МАНУ, Скопје, 2017 година, стр.80-90;
- Dokmanovic, M., (2016) US Diplomacy and the Holocaust. In: Proceedings from the International Conference Diplomacy and the Deportation of Macedonian Jews in 1943. Skopje, Diplomatic Club, Institute of National History, pp. 189 – 209;
- Dokmanovic, M. (2015). The Impact of Historical Legacy in the Development of Macedonian – Israeli Relations after the Dissolution of Yugoslavia In: Proceedings from the International Scientific Conference: Jews in Macedonia: History, Tradition, Culture, Language and Religion (2015), Jewish Community in the Republic of Macedonia, Skopje pp. 319-325.

Од приложеното, може да се констатира дека по изборот во наставно – научното звање вонреден професор, кандидатот изработил 22 научни труда објавени во референтни научни списанија и публикации на англиски (13), француски (4) и македонски јазик (7). Неговиот научен интерес е видливо насочен кон областа на историјата на правото, прашањата поврзани со холокаустот, но и другите области на правото. Трудовите се карактеризираат со јасен и прецизен јазик, квалитетна методолошка рамка, соодветна аргументација и јасно формулирани заклучоци. Дополнителна тежина дава фактот дека значителен дел од трудовите се објавени во релевантни научни списанија и публикации во странство на англиски и француски јазик (Велика Британија, Франција, Словачка, Унгарија, Хрватска и др.), со што научноистражувачката дејност на кандидатот била изложена на меѓународна верификација. Од анализата на доставените трудови, може да се заклучи дека кандидатот поседува забележителен капацитет за научноистражувачка дејност. Објавените трудови на кандидатот даваат значителен научен придонес за развојот на областа историја на правото.

Д-р Мишо Докмановиќ учествувал како предавач со пленарни и секциски предавања на повеќе меѓународни научни собири, летни школи и работилници, меѓу кои и на следниве:

- пленарни предавања:

•International conference "One Europe – One Transatlantic Partnership", European Network of American Alumni Associations, Cologne, Germany, November 2018;

•International conference Smart Leaders for Smart Organizations, European Network of American Alumni Associations, Cagliari, Italy, April 2018;

•2nd Joint Working Group on Recognition of Academic Qualifications (WG RAQ), Regional cooperation Council, ERISEE, Podgorica, Montenegro, April 2018;

•Eastern Partnership Reflection Forum in the Framework of the Belarusian Presidency of the CEI, Minsk, Belarus, December 2017;

•First conference of the Jean Monnet Network ”Public and Applied History on the Battlefield of Europe. Dealing with Painful Past in the 20th Century”, Friedrich Schiller University of Jena, Germany, November 2017;

•Turkish – Macedonian Jurist Congress “Reforms in the field of law in Turkey and Macedonia”, University of Istanbul, Turkey, September 2017;

•International conference “Family in the Premodern World – A Comparative Approach”, Princeton University, United States, April 2017;

•3rd Itinerant Autumn University in the Balkans “Refugees, Migration and Rule of Law in Balkan Countries” organized by the University of Munster, Université Paris Nanterre at University of Sofia, November 2016;

•International conference “The Uses of Past and Legal Pluralism: A Global Perspective 1600-1900”, University of Leiden, the Netherlands, March 2016;

- International workshop “EU – Enlargement: Searching New Impulses and Perspectives”, Austrian Institute for International Affairs, Austrian – French Center, Vienna, Austria, November 2015;
- International conference “In the Shadow of the Cold War: Domestic and International Terrorism in the Former Communist Countries”, Institute of National Remembrance, Warsaw, Poland, October 2015;

- секциски предавања:

- 48th Annual Scholars’ Conference, Ackerman Center for Holocaust Studies, University of Texas, Dallas, Texas, United States, March 2018;
- 4th Biennial Conference of the European Society for Comparative Legal History “Culture, Identity and Legal Pluralism”; University of Gdansk, Poland, July 2016;
- International conference “Research Evaluation in Social Sciences and Humanities”, University of Antwerp, Belgium, July 2017;
- Annual Conference of the Irish Association for Russian, Central and East European Studies ‘Memories and Identities in Central and Eastern Europe’, Trinity College Dublin, Ireland, May 2015.

***IV. Стручно–применувачка дејност***

Во рамки на стручно–применувачката дејност, кандидатот има објавено 7 стручни монографии (во својство на автор и коавтор), како и подготвено преку 40 евалуации во рамки на неговиот ангажман како евалуатор за повеќе национални агенции во странство. Паралелно со тоа, членувал во повеќе факултетски комисии, како и во повеќе државни комисии наведени во Образец 2. Од август 2017 година, член е на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Покрај тоа, во периодот по изборот во наставно-научното звање вонреден професор, д-р Докмановиќ ги остварил следниве студиски престои во странство:

- на Универзитетот во Лозана – Центар за експертиза во општествените науки во јануари 2017 година, каде што работел на истражување поврзано со перцепциите на истражувачите за квалитетот во истражувањата во општествени науки во соработка со проф. Мајкл Окснер;
- во Австро–францускиот центар за приближување во Европа со седиште во Виена, во 2016 година, каде што работел на двомесечен истражувачки проект „Лекции од историјата во функција на подобра иднина: европските компаративни искуства во приближувањето и помирувањето и нивниот потенцијал за односите на Македонија

со соседните земји членки на Европската Унија“. Кандидатот д-р Докмановиќ го реализирал престојот како добитник на престижниот грант Civil Society Scholar Award на Фондацијата „Отворено општество“ во Будимпешта.

***V. Заклучна оцена и предлог***

Рецензентската комисија ги прегледа и ги проучи документите поднесени од кандидатот и го заклучи следново:

Прво, кандидатот д-р Мишо Докмановиќ ги исполнува сите услови и критериуми за избор во наставно-научното звање редовен професор, предвидени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Второ, кандидатот д-р Докмановиќ повеќекратно ги надминува предвидените поени за избор во звањето редовен професор (Образец 2).

Трето, од неговиот повеќегодишен ангажман на Факултетот како демонстратор, помлад асистент, асистент, доцент и вонреден професор на предметите од научната област историја на правото, може да се констатира дека кандидатот успешно се вклучил во изведувањето на наставниот процес на Факултетот. Во извршувањето на работните обврски како вонреден професор пристапил со висок професионализам и силна мотивираност, за што сведочи и континуираната висока оценка од самоевалуацијата. Дополнително, кандидатот дал придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници на Катедрата за историја на правото.

Четврто, во периодот по изборот за вонреден професор, д-р Мишо Докмановиќ покажал и забележителна научноистражувачка работа. Во таа насока, кандидатот е автор на универзитетски учебник, објавил повеќе стручни монографии, изработил повеќе научни и стручни трудови кои се објавени во референтни меѓународни научни списанија и публикации и има учествувано на конференции, семинари и студиски престои во повеќе држави и на релевантни универзитети (Принстон, Лајден, Антверп, Лозана, Тексас, Виена, Истанбул, Варшава, Гдањск, Даблин, Јена итн.), што му овозможило да биде изложен на силно меѓународно академско и професионално опкружување.

Со оглед на претходното, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно–научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, кандидатот д-р Мишо Докмановиќ да биде избран во звањето редовен професор на научната област историја на правото на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

**Комисија**

**Проф. д-р Билјана Поповска с.р.**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.**
**Проф. д-р Мелина Гризо с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **д-р Мишо Лазар Докмановиќ**
(име, татково име и презиме)
**Институција:** **Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област:** **историја на правото**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: _9.54_________<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: _9.33_________<br>Просечниот успех изнесува __________за интегрираните студии. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на правни науки<br><br>Назив на научната област: историја на правото_, поле правни науки, подрачје општествени науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да (образец 2) |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Балканот и американската дипломатија во XX век, Правен факултет „Јустинијан Први“, Билтен на УКИМ бр. 1088 од 14.11.2014 година.<br>2. Место и година на објава: Скопје, декември 2014 г. _ | Да |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: бр.1089 од 1.12.2014 година. ______________ | Да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека

лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**Комисија**

**Проф. д-р Билјана Поповска с.р.**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски с.р.**
**Проф. д-р Мелина Гризо с.р.**

**ОБРАЗЕЦ 2**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: д-р Мишо Лазар Докмановиќ**_______________________
(име, татково име и презиме)
**Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“ – Скопје** ______
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: историја на правото** ___________________________

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на настава[1] | |
| 1.1. | - од прв циклус студии<br>**Учебна 2015/16 година**<br>Историја на правото 4*15*0,04 = 2,4<br>Современа македонска историја 4*15*0,04 = 2,4<br>**Учебна 2016/17 година**<br>Историја на правото 4*15*0,04 = 2,4<br>Современа македонска историја 4*15*0,04 = 2,4<br>**Учебна 2017/18 година**<br>Историја на правото 4*15*0,04 = 2,4<br>Современа македонска историја 4*15*0,04 = 2,4<br>**Учебна 2018/19 година**<br>Историја на правото 4*15*0,04 = 2,4<br>Современа македонска историја 4*15*0,04 = 2,4 | 19,2 |
| 1.2. | - од втор циклус студии<br>**Учебна 2015/16 година**<br>Балканот и американската дипломатија во XX век (20%)<br>3,5*15*0,20*0,05 = 0,525<br>Дипломатски протокол (историја и практика) (20%)<br>3,5*15*0,20*0,05 = 0,525<br>Современа историја и дипломатија на Блискиот исток (20%)<br>3,5*15*0,20*0,05 = 0,525 | 1,5 |
| 2. | Настава во школи и работилници | |
| 2.1. | - предавач<br>• Seminar “How to Strengthen Capacities for Improved Evaluation in EU Projects?” National Agency for European Educational Programs and Mobility, Skopje, (key-trainer, February 2019;<br>• Seminar “Introduction to Evaluation of Erasmus+ Projects” National Agency for European Educational Programs and Mobility, Skopje,(key-trainer), December 2018;<br>• Int. seminar for History Educators “The Holocaust as a Starting Point: Comparing and Sharing II”, Mémorial de la Shoah – Paris, Ministry of Foreign Affairs of Germany Holocaust Fund of Macedonia, Skopje (lecturer), September 2018;<br>• Int. seminar for History Educators “The Holocaust as a Starting Point: Comparing and Sharing”, Mémorial de la Shoah – Paris, Ministry of Foreign Affairs of Germany, Shalom – Organization of Jews of Bulgaria, Sofia (lecturer), September 2018; | 12 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Employee training “How to Improve Etiquette and Protocol Skills in Business Environment?”, Roche Macedonia (trainer), December 2017;<br>• Int. seminar for History Educators “The Holocaust as a Starting Point: Comparing and Sharing”, Mémorial de la Shoah – Paris, Ministry of Foreign Affairs of Germany, Aristotle University of Thessaloniki, Greece (lecturer), October 2017;<br>• Int. seminar for History Educators “The Holocaust as a Starting Point: Comparing and Sharing”, Mémorial de la Shoah – Paris, Ministry of Foreign Affairs of Germany, Holocaust Fund of Macedonia, Skopje, (lecturer), August 2017;<br>• Foreign Policy Forum “Macedonian Foreign Policy and the Security Aspects of Relations to the Neighbors”, Diplomatic Club, Friedrich Ebert Stiftung, SEE University, Tetovo, Macedonia, (discussant), June 2017;<br>• Int. seminar for History Teachers and Educators, Mémorial de la Shoah – Paris, Claims Conference, Holocaust Fund of Macedonia, Skopje (lecturer), October 2016;<br>• Regional Seminar for Professors and Teachers ”Historija, Istorija, Povijest – Lessons for Today”, Anne Frank House Amsterdam, Otvorena komunikacija – Belgrade, Serbia (speaker), April 2016;<br>• Int. seminar “Historical Approach to the Holocaust and Mass Atrocities in the Balkans”, Mémorial de la Shoah – Paris, Claims Conference, Holocaust Fund of Macedonia, Skopje, Macedonia, September 2015;<br>• Тренинг „Квалитет во истражувањата во општествените науки“, 3.10.2017 година, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје во соработка со проф. Мајкл Окснер од Универзитетот во Лозана. | |
| 3. | Подготовка на нов предмет | |
| 3.1. | - предавања<br>Современа историја и дипломатија на Блискиот Исток (Одлука бр. 02-621/273 од 1.6.2015 година) | 1 |
| 4. | Консултации со студенти 400*0,002 = 0,8 | 0,8 |
| 5. | Член на комисија за оцена или одбрана на докторски труд<br>- „Улогата на дипломатијата на Република Македонија“ во привлекување странски инвестиции: искуството на Република Ирска (Одлука бр. 02-410/12 од 30.3.2017 година);<br>-„Политиката на САД спрема Медитеранот на почетокот на XXI век“ (Одлука бр. 02-93/68 од 30.1.2015 година) | 1,4 |
| 6. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд<br>- „Американската надворешна политика за време на администрацијата на Џон Ф. Кенеди (1961-1963)“;<br>- „Улогата и влијанието на националните стереотипи во државите од Кралството СХС, Кралството Југославија и од поранешната југословенска федерација“ (Одлука бр. 02-120/21 од 4.2.2019 година);<br>- „Положбата на жената во семејството и современите тенденции на сузбивање на семејното насилство“ (Одлука бр. 02-626/97 од 8.5.2018 година); | 3,3 |

| | | |
|---|---|---|
| | - „Злоупотреба на дипломатските привилегии и имунитети: Случајот на Република Македонија“ (Одлука бр. 02-315/26 од 5.3.2018 г.);<br>- „Балканската политика за време на Студената војна (историја, геополитика, балкански влади во периодот од 1945-1989 година)“ (Одлука бр. 02-1193/40 од 28.9.2017 година);<br>- Магистерски труд „Историска правда – судењето на воените злосторници по Втората светска војна“ (Одлука бр. 02-1193/41 од 28.9.2017 година);<br>-„Американско – грчките односи во периодот од 1974 – 1991 година“ (ментор) (Одлука бр. 02-410/16 од 30.3.2017 година);<br>- „Создавањето на израелската држава (историски преглед на државно – правниот развој)“ (Одлука бр. 02-1412/64 оф 21.12.2016 година);<br>- „Арапскиот национализам и процесите на Блискиот Исток во XX век и на почетокот на XXI век“ (Одлука бр. 02-728/71 од 30.6.2016 година);<br>- „Американската политика за спречување на ширење на комунизмот и Југославија во периодот од 1945 до 1953 година“ (Одлука бр. 02-829/127 од 9.7.2015 година);<br>- „Дипломатскиот протокол во Отоманската Империја“ (ментор) (Одлука бр. 02-417/59 од 8.4.2015 година);<br>- „Бугарско – американските дипломатски односи во првата половина на XX век“ (Одлука бр. 02-93/56 од 30.1.2015 година) и - „Македонското прашање во југословенско – грчките односи за време на Студената војна“ (Одлука бр. 02-1586/47 од 26.12.2014 година). | |
| 7. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник<br>- (автор) Балканот и американската дипломатија во XX век, Правен факултет „Јустинијан Први“, Скопје, декември 2014 г. _ Билтен на УКИМ број 1088 од 14 ноември 2014 година. | 8 |
| 8. | Рецензент на универзитетски учебник<br>Рецензија на универзитетски практикум „Историја на правото“, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип од авторот Димче Апасиев (Одлука бр. 1107 – 76/30 од 9.3.2017 година); | 1 |
| 9. | Пакет материјали за одреден предмет<br>Современа историја и дипломатија на Блискиот Исток | 1 |
| | **Вкупно** | **49,2** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | Ментор на магистерски труд (Ирена Шуменковска, Сенад Мемети) | 4 |
| 2. | Раководител на национален научен проект<br>- раководител на националниот проект „Предизвици во организирањето на практична настава кај општествените науки: случајот на правните студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје (2018 година); | 18 |

| | | |
|---|---|---|
| | - **раководител на националниот проект Универзитет без корупција, Амбасада на САД (11/2017-09/2018;**<br>- **раководител на националниот проект *“Setting up Criteria for Quality in Social Sciences to Prevent Brain Drain in Macedonia” in cooperation with Fondation suisse pour la recherche en sciences sociales, Lausanne, funded by Civica Mobilitas Grant Program (2017).*** | |
| 3. | Учесник во национален научен проект<br>• From Regulatory Impact Assessment of Handicraft Law to Improvement of the Business Environment in Macedonia (February – August 2018), EU/IPA,<br>• ISIE Budno Oko Project – Platform for Monitoring of the Use of Public Funds in the Secondary Education of Macedonia (2017-2018), Action SEE grant program, EU.<br>• “Will there be ‘Whistleblowers’ at the Universities? The Possibilities of the Law for Protection of Whistleblowers and Prevention of Corruption in the Higher Education of the Republic of Macedonia”, IPA Civil Society Facility, (2016-2017) | 9 |
| 4. | Учесник во меѓународен научен проект<br>• Expert in the EU funded project Historija, Istorija, Povijest – Lessons for Today implemented by Anna Frank House, Amsterdam. Во рамките на овој проект, со соработка со Бесник Емини ја подготвил изложбата на Ана Франк во Македонија (2015-2016);<br>• Експерт за развој на културниот туризам во рамките на проектот „Скриените богатства на Скопската чаршија“, финансиран од страна на Регионалниот совет за соработка во рамките на кој изработил содржини на мобилна апликација Skopje Gems App (2018-2019). | 10 |
| 5. | Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>• Dokmanovic, M., Koevski, G., Spasevski, D., (2016) Is Social Entrepreneurship Achievable in Macedonia? An Analysis of the Historical Background, Potentials and Perspectives for Concept Development. In: Revija za Socijalnu Politiku, Vol. 23, No. 2, Zagreb, pp. 197-213 (impact factor journal, Web of Science) (6,4 + и.ф. 0,18) = 6,58.<br>• Brsakoska – Bazerkoska, J., Dokmanovic, M. Learing by Doing: The EU’s Transformative Power and Conflicts in the Western Balkans. In: Croatian International Relations Review, XXIII (79) – 2017, pp. 103-127. (7,2 +и.ф.0,15) = 7,35. | 13,9 |
| 6. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови[9] | 30 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Докмановиќ, М., „Шеесет години изучување на историјата на правото на Правниот факултет во Скопје (1951-2011 година)“ во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Марјан Марјановски, т.56, стр.315-331, Правен факултет, Скопје, 2017.<br>• Докмановиќ, М., „Изборите на првата декада – Сојузните и републичките избори територијата на Македонија во периодот од 1945-1953 година“, во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Јане Миљовски, т.54, стр. 325-341, Правен факултет, Скопје, 2016.<br>• Докмановиќ, М., Грчко – американските односи во првата половина на XX век, во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Петар Манговски, т.55, стр.185-199, Правен факултет, Скопје, 2016.<br>• Dokmanovic, M. (2016). A Framework Agreement before the Ohrid Agreement? An Analysis of the 1993 Macedonian Government Agreement with the Local Serbs. In: Iustinianus Primus Law Review, No. 14. Vol. VIII.<br>• Dokmanovic, M. (2015). The Executive Branch of Government in Macedonia in the Period from 1946 – 1953. In: Iustinianus Primus Law Review, No. 11. Vol. VI<br>• Докмановиќ, М., „Надворешната политика на САД и Албанија во периодот од 1912-1939 година“, во Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Симеон Гелевски, т.51, стр.379-397, Правен факултет, Скопје, 2014. | |
| 7. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД[9]<br>• Dokmanovic, M., (2016) Macédoine – 2015. In: Est Europa - Chronique politique et constitutionnelle des pays postcommunistes de l'espace balkanique - Année 2015 (dirigée par Odile Perrot), Institut Universitaire Varenne, (5)<br>• Dokmanovic, M., Asprovska, M., Jovevska M., Vasilkovski, N., (2017) Macédoine – 2016. In: Est Europa - Chronique politique et constitutionnelle des pays postcommunistes de l'espace balkanique - Année 2016 (dirigée par Odile Perrot), Institut Universitaire Varenne, (3)<br>• Dokmanovic, M., Zemon, A., Miloshevski, D., Nestoroski A., Macédoine – 2018. In: Est Europa - Chronique politique et constitutionnelle des pays postcommunistes de l'espace balkanique - Année 2018 (dirigée par Odile Perrot), Institut Universitaire Varenne, (3)<br>• Mišo Dokmanović et Florent Marciacq, «Dérives autoritaires en Macédoine et passivité de l’Union européenne», P@ges Europe, 20 mai 2015, La Documentation française, DILA, (4,5) | 15,5 |
| 8. | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>-автор (дел од книга)<br>- Dokmanovic, M., New Concept in Old Context: Transformation of Intellectual Property Legal Framework in Macedonia after the dissolution of Yugoslavia. In: Hannes Siegrist, Augusta Dimou (eds.), Expanding Intellectual Property: Copyrights and Patents in | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| | 20th Century Europe and Beyond (Leipzig Studies on the History and Culture of East-Central Europe, vol. 4), CEU Press: Budapest/N.Y, 2017, pp. 247-267.<br>- Dokmanovic, M., (2016) Rediscovering the Relationship Between Law And History: How to Teach Legal History in the 21st Century. In: Abushouk, A. I., Zweiri., M., (2016) Interdisciplinarity in History: Continuity and Change. Cambridge Scholar Publishing, Newcastle, pp. 76-91. | |
| 9. | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји[9]<br>• Dokmanovic, M., (2017) National Statehood as the Primary Goal of Macedonian Political Emigration: the Case of the Liberation Committee of Macedonia, in: Jasek, P., (ed) (2017) Political Exile from Central and Eastern Europe: Motives, Strategies, Activities and Perception in the East and the West 1945 – 1989, Bratislava, National Remembrance Institute, pp. 95-111.<br>• Dokmanovic, M., Spasevski, D., Shapkova Kocevska, K., Preventing Corruption in Higher Education in Macedonia through Whistle-Blowing: Lessons Learned, In: Higher Education, Corruption and Whistleblowers – Proceedings of the International Conference on Corruption in Higher Education held on September 11, 2018 at South East Europe University, Skopje, ISIE, Skopje (2018), pp. 87-101.<br>• Gruevska, A.D., Dokmanovic, M., Shapkova, K.K., The Law on Protection of Whistleblowers in Function of Fighting Corruption: the Case of the Republic of Macedonia, In: International Conference Judicial Reforms and Anti - Corruption Practices: Challenges, Prospects and Transfers of Experience, SEE University, Tetovo (2018), pp. 23-41. | 15 |
| 10. | Трудови со оригинални научни резултати, објавени во стручно/научно популарно списание[9]<br>• Dokmanovic, M., (2016) NGO Diplomacy and Small States: Lessons for Macedonia. In: Crossroads – Macedonian Foreign Policy Journal, Vol 4. No. 4, pp. 49 – 59.<br>• Dokmanovic, M. (2014). What’s in a Name? Analyzing Macedonian – Greek Relations after the Fall of Yugoslavia In: Macedonian Political Science Forum E- Proceedings of Papers, Vol. I, No. 2, December 2014, Skopje. | 4 |
| 11. | Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир[9]<br>• Докмановиќ, М., Трн во окото – актите на АСНОМ и грчките ставови во врска со македонското барање за прием во Обединетите нации, во: АСНОМ и македонската држава - Зборник на трудови од научниот собир по повод одбележувањето на седумдесетгодишнината од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ, МАНУ, Скопје, 2017 година, стр.80-90.<br>• Dokmanovic, M., (2016) US Diplomacy and the Holocaust. In: *Proceedings from the International Conference Diplomacy and the Deportation of Macedonian Jews in 1943*. Skopje, Diplomatic Club, Institute of National History, pp. 189 – 209. | 8 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Dokmanovic, M. (2015). The Impact of Historical Legacy in the Development of Macedonian – Israeli Relations after the Dissolution of Yugoslavia, In: *Proceedings from the International Scientific Conference: Jews in Macedonia: History, Tradition, Culture, Language and Religion* (2015), Jewish Community in the Republic of Macedonia, Skopje pp. 319-325.<br>• Dokmanovic, M. (2017). How to Involve the Academic Community in the Process on Assessment of Scientific Research Project - Proposals? In: Challenges and Opportunities for Scientific Research Funding in the Republic of Macedonia, Foundation Open Society Macedonia, Skopje pp. 151 -161. | |
| 12. | Рецензија на научен/стручен труд<br>- Рецензија на меѓународен проект од Програмата за билатерални проекти помеѓу Македонија и Австрија (Решение бр. 17-3571/4 од 20.4.2018 година) (0,2).<br>- 4 рецензии на научни трудови (09-15/3 од 21.10.2015 година, 09-15/5 од 8.7.2016 годин; 03-119/1 од 15.11.2016 година; 03-1279/1 од 28.11.2016 година) (0,8)<br>- Рецензија на монографијата „Од објект до субјект: Македонија во меѓународните односи“ од Виктор Габер, Фондација „Фридрих Еберт“, Скопје, 2017 година (0,5). | 1,5 |
| 13. | Пленарни предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество<br>•International conference “One Europe – One Transatlantic Partnership”, European Network of American Alumni Associations, Cologne, Germany, November 2019;<br>•International conference Smart Leaders for Smart Organizations, European Network of American Alumni Associations, Cagliari, Italy, April 2018;<br>•2nd Joint Working Group on Recognition of Academic Qualifications (WG RAQ), Regional cooperation Council, ERISEE, Podgorica, Montenegro, April 2018;<br>•Eastern Partnership Reflection Forum in the Framework of the Belarusian Presidency of the CEI, Minsk, December 2017;<br>•First conference of the Jean Monnet Network ”Public and Applied History on the Battlefield of Europe. Dealing with Painful Past in the 20th Century”, Friedrich Schiller University of Jena, Germany, November 2017;<br>•Turkish – Macedonian Jurist Congress “Reforms in the field of law in Turkey and Macedonia”, University of Istanbul, Turkey, September 2017;<br>•International conference “Family in the Premodern World – A Comparative Approach”, Princeton University, USA, April 2017;<br>•3rd Itinerant Autumn University in the Balkans “Refugees, Migration and Rule of Law in Balkan Countries” organized by the University of Munster, Université Paris Nanterre at University of Sofia, November 2016;<br>•Int. conference “The Uses of Past and Legal Pluralism: A Global Perspective 1600-1900”, University of Leiden, the Netherlands, March 2016;<br>• International workshop “EU – Enlargement: Searching New Impulses and Perspectives”, Austrian Institute for International Affairs, Austrian – French Center, Vienna, November 2015; | 33 |

| | | |
|---|---|---|
| | • Int. conference “In the Shadow of the Cold War: Domestic and International Terrorism in the Former Communist Countries”, Institute of National Remembrance, Warsaw, October 2015; | |
| 14. | Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество<br>• 48th Annual Conference, Ackerman Center for Holocaust Studies, University of Texas, Dallas, US, March 2018;<br>• 4th Biennial Conference of the European Society for Comparative Legal History “Culture, Identity and Legal Pluralism”; University of Gdansk, Poland, July 2016;<br>• Int. conference “Research Evaluation in Social Sciences and Humanities”, University of Antwerp, Belgium, July 2017;<br>• Annual Conference of the Irish Association for Russian, Central and East European Studies ‘Memories and Identities in Central and Eastern Europe’, Trinity College Dublin, Ireland, May 2015. | 8 |
| 15. | Одржано предавање по покана на референтен странски универзитет<br>Универзитет во Лозана, јануари 2017 година | 3 |
| 16. | Апстракт објавен во зборник на конференција[10] | |
| | - меѓународна (2) на универзитетите Принстон и Лајден | 2 |
| | **Вкупно** | 190.9 |

## СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | Стручни монографии[9]<br>- Докмановиќ, М., Спасевски Д., Шапкова Коцевска, К., Културното наследство на Старата Скопска чаршија како двигател за економски и социјален развој: студија за проценка на регулативата, Скопје: Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ, 2019 (стручна монографија).<br>- Докмановиќ, М., Спасевски Д., Шапкова Коцевска, К., Гичевска, С., Анализа на правната рамка, ресурсите и другите процеси и надлежности во системот на формално стручно образование и обука во Република Северна Македонија (состојба во 2018 година), студија на македонски и англиски јазик, Проект „Образование за вработување“, Скопје, 2019 година.<br>- Докмановиќ, М., Спасевски Д., Шапкова Коцевска, К., Помалку ученици, поголеми трошоци: како до потранспарентно трошење на јавните средства во средното образование? : студија /стручна монографија, Скопје: - ИСИЕ, 2018 ([Скопје]<br>- Докмановиќ, М., Спасевски Д., Шапкова Коцевска, К., Како се троши средношколскиот денар?: студија за јавните набавки во средните училишта во периодот 2013-2016 година Скопје: Институт за стратешки истражувања и едукација - ИСИЕ, 2018.<br>- Докмановиќ, М., Спасевски Д., Шапкова Коцевска, К., Предизвици во организирањето на практична настава кај општествените науки: случајот на правните студии на | 44,8 |

| | | |
|---|---|---|
| | Правниот факултет "Јустинијан Први" - Скопје / Мишо Докмановиќ, Дарко Спасевски, Катерина Шапкова Коцевска Скопје : Правен факултет "Јустинијан Први", 2018.<br>- Докмановиќ, М., Спасевски Д., Шапкова Коцевска, К., Ќе има ли "свиркачи" на факултетите?: можностите на законот за заштита на укажувачите и спречувањето на корупцијата во високото образование во РМ: студија на јавна политика. Скопје: ИСИЕ, 2017.<br>- Докмановиќ, М., Воспоставување на критериуми за квалитет во општествените науки во функција на спречување на одливот на мозоци од Република Македонија: документ за креирање на политики, стручна монографија Скопје: ИСИЕ, 2017. | |
| 2. | Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка, на капитал, систематизација, методологија[11]<br>- Изработка на експертиза за висината на трошоците за школување во високото образование Евридика за 2018 година, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност – Скопје;<br>- Подготовка на 14 евалуации на проекти на Програмата Еразмус+ на Европската комисија, Брисел (2019);<br>- Подготовка на евалуација на 15 проекти поднесени во рамките на програмата Еразмус+ во рамките на Ирската национална агенција, Даблин (2019 година);<br>- Подготовка на евалуација на 3 проекти поднесени во рамките на програмата Еразмус+ во рамките на Ирската национална агенција, Даблин (2018 година) и<br>- Подготовка на евалуација на 10 проекти поднесени во рамките на програмата Еразмус+ во рамките на Ирската национална агенција, Даблин (2017 година). | 43 |
| 3. | Учество во промотивни активности на факултетот/институтот<br>- Член на Комисијата за презентирање на Правниот факултет на Отворените денови на универзитетот – 2018 година (Одлука бр. 03-639/1 од 2.5.2018 година);<br>- Член на Комисијата за промотивни активности за привлекување на нови студенти на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (Одлука бр. 02-315/15 од 5.3.2018 г.). | 1 |
| 4. | Член на национална жири-комисија<br>- Член на Комисијата за разгледување на барањата за доделување на стипендии за студии од втор и трет циклус во странство за академската 2018/19 година (Решение бр. 07-5084 од 20.4.2018 година) на Министерството за образование и наука. | 1 |
| 5. | Член на меѓународна жири-комисија<br>- Член на Комитетот за доделување на стипендии на Министерството за образование и Министерството за наука на Црна Гора (2015 и 2016). | 4 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 6. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Член на Организациониот одбор за Годишната научна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Одлука бр. 02-279/12 од 4.3.2019 година);<br>- Член на меѓународниот програмски одбор на International conference on Corruption in Higher Education, одржана на 11 септември 2018 година на Универзитетот на Југоисточна Европа – кампус во Скопје. | |
| 7. | Студиски престој во странство | |
| | - до три месеци<br>- На Универзитетот во Лозана – Центар за експертиза во општествените науки во јануари 2017<br>- во Австро –францускиот центар за приближување во Европа - Виена во август – септември 2017 година. | 1 |
| 8. | Член на факултетска комисија[12]<br>- Член на Работната група за изработка на Статут на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (Одлука бр. 02-1129/9 од 28.9.2018 година).<br>- Заменик – член на Комисијата за јавни набавки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (Одлука бр. 02-1189/3 од 17.11.2016 година).<br>- Член на Работна група за Центарот за кариера на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (Одлука бр. 02-1029/208 од 21.10.2016 година). | 1,5 |
| 9. | Подготовка на национални документи (стратегии, закони и сл.)<br>- Член на Комисијата надлежна за изработка на Предлог – Национална стратегија за надворешна политика на РМ во Министерството за надворешни работи (Одлука бр. 04-25945/1 од 19.9.2017 година. | 2 |
| 10. | Учество во комисии и тела на државни и други органи<br>- Член на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование (Решение бр. 24-6010/1 од 3.8.2017 година).<br>- Член на Делегацијата на Република Северна Македонија во Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот (International Holocaust Remembrance Alliance). | 2 |
| 11. | Претседател на здружение поврзано со струката<br>Претседател на Македонско – американската алумни - асоцијација<br>Претседател на Управниот одбор на Институтот за стратешки истражувања и едукација –ИСИЕ | 4 |
| | **Вкупно** | 106,3 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 49,2 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 190,9 |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 106,3 |
| **Вкупно** | 346,4 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Билтен на УКИМ број 1089 од 1.12.2014 година | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 114,85 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 295,1 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 52,6 |
| **Вкупно** | 462,55 |

| ВКУПНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 164,05 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 486 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 158,9 |
| **Вкупно** | 808,95 |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Билјана Поповска, претседател с.р.**
**Проф. д-р Сашо Горгиевски, член с.р**
**Проф. д-р Мелина Гризо, член с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА *РЕФОРМА НА СОВЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОН ВО ЕРА НА „ОДГОВОРНОСТА ДА СЕ ЗАШТИТИ”* ОД М-Р ЉУПЧО СТОЈКОВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје, на седницата одржана на 29.3.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот **м-р Љупчо Стојковски** со наслов ‚**Реформа на Советот за безбедност на ОН во ера на „Одговорноста да се заштити”**, во состав: проф. д-р Љубомир Фрчкоски (претседател), проф. д-р Сашо Георгиевски (ментор), проф. д-р Татјана Петрушевска (член), проф. д-р Елена Михајлова Стратилати (член) и проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот м-р Љупчо Стојковски со наслов, **Реформа на Советот за безбедност на ОН во ера на „Одговорноста да се заштити”**, содржи 356 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 1215 фусноти, 534 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 5 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува дека предмет на истражување на дисертацијата ќе бидат Советот за безбедност на ОН и доктрината „Одговорност да се заштити” (Responsibility to Protect, R2P, Р2П), односно дека во неа ќе се истражуваат обидите за реформи на Советот за безбедност на ОН од перспектива на Р2П, односно од перспектива на ситуациите на масовни злосторства – геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и етничко чистење.

**Првата глава** од докторската дисертација е насловена „ Одговорност да се заштити “. Во неа се разгледува инспирацијата и настанокот на Р2П во 2001 година, официјалната прифатена верзија на Светскиот самит во 2005 година, како и последователната разработка на концептот низ редовните годишни извештаи за Р2П на генералниот секретар на ОН. Еден дел од ова поглавје е посветен и на концепциските и практичните проблеми во имплементација на Р2П на кои се укажува во извештатите на генералниот секретар, а еден дел говори и за статусот кој Р2П го ужива денес – дали е морално-политичка заложба и норма или таа има стекнатно статус на право. Сето ова е неопходно за најпрво да се увиди улогата која Советот за безбедност ја има во исполнувањето на Р2П, а и за да се лоцираат проблемите во функционирање на Р2П кои го засегаат или зависат од Советот за безбедност.

**Втората глава** го анализира Советот за безбедност како институција во меѓународниот поредок. Во неа се прикажува историјата на настанокот на Советот, неговата концепциско-теоретска, како и нормативно-правна заднина, се анализира неговата функција, улога и одговорност во оддржувањето на меѓународниот поредок, начинот, процедурата но и практиката на неговото работење, како и односите со други ОН органи и со регионалните меѓународни организации. Сите овие анализи се потребни за да се добие слика за тоа како бил замислен Советот за безбедност, како тој се трансформирал низ годините и како, всушност, функционира денес, и што, од перспектива на Р2П, е проблематично во неговиот дизајн и/или функционирање.

Во **третата глава,** насловена „Р2П и Советот за безбедност – субјективна слика“, се става акцент на „субјективната” димензија на првите две глави. Имено, во овој дел, следејќи го конструктивистичкиот пристап на меѓународните односи, се дава одговор на прашањата – „Што

е Р2П?” и „Што претставува Советот за безбедност?” од перспектива на актерите кои се (нај)инволвирани во функционирањето на Советот за безбедност и на Р2П. Потребата од вакво нешто произлегува од несоодветноста на голем број понудени реформи на Советот, кој истиот во основа го гледаат како двокомпонентно тело составено од постојани и избрани членки. Ова претпоставува дека затоа што се во иста група (постојана или избрана) различни актери би се однесувале исто/слично согласно со групата во која припаѓаат. Но, тезата на дисертацијата е дека Советот за безбедност треба да се гледа како најмалку шесткомпонентно тело – затоа што сите пет постојани држави членки, иако им е заедничко тоа што имаат привилегиран статус во Советот – прилично различно се однесуваат (и се однесувале) кон и во Советот за безбедност, имаа различна претстава за меѓународните односи и нивна улога во нив, а имаат и различни вредносни рамки. Секако разлика постои и помеѓу идентитетите, вредностите и капацитетите на избраните државичленки, но со оглед на нивната системска можност помалку да влијаат на работата на Советот, тие се третирани заедно како една категорија.

Оттука, во овој дел се прикажни пристапите на секоја од петте постојани држави кон и во Советот за безбедност поединечно, како и нивните ставови и практика во врска со Р2П. Еден дел е посветен и на избраните членки, како и на перцепцијата и сфаќањето на остатокот од светот за Р2П. Ваквиот пристап неминовно ја усложнува целата дебата околу реформата на Советот за безбедност (генерално, а и во врска со Р2П), но е многу посеопфатен и пореалистичен, и дава попрецизно разбирање за неуспехот на Советот во одредени случаи да ја имплементира Р2П, а понекогаш и за неупехот на предлозите за реформи.

Во **четвртиот дел** се анализирани случаи на Р2П и реакцијата на Советот за безбедност во овие случаи. Потребата од анализа на овие случаи е со цел да се добие попрецизна слика за конкретните проблеми со кои се соочува Р2П и да се прикаже каде и како потфрла Советот за безбедност во своето работење кога е во прашање Р2П. За да се увидат проблемите во работењето на Советот кога е во прашање Р2П, случаите ќе бидат прикажувани имајќи предвид една теоретска рамка составена од неколку клучни групи на прашања. Прво, кога започнала кризата и за какви Р2П злосторства станува збор? Второ, дали и кога реагирал Советот за безбедност во оваа ситуација? Ако не реагирал, кои се причините за неговата пасивност? Ако реагирал, дали тоа го направил навремено или (значително) подоцна? Кои би биле можните објаснувања за неговото доцнење? Понатаму, без оглед на тајмингот на реакцијата, како реагирал Советот? Дали усвоил некаква мерка или само ја нотирал и осудил ситуацијата? Зошто се одлучил за мерката што ја презел и каков бил процесот на нејзино донесување? Какви биле ефектите од мерката и последователната реакција на Советот? Трето, дали и како Советот на безбедност се повикувал на Р2П во овие случаи? Ако да, во кој момент и во која форма? Преку одговарање на овие и слични прашања во секој случај поединечно би можело да се добие некоја генерална слика за работата на Советот кога е во прашање Р2П, но и да се размислува како да се адресираат проблемите кои произлегуваат од неговата работа, односно да се предложат соодветни реформи кои би го подобриле работењето на Советот од перспектива на Р2П.

**Петтата глава** од дисертацијата се занимава со предлозите за реформи на Советот за безбедност. Предлозите за реформи се класифицирани во четири категории: реформи кои се однесуваат за проширувањето, реформи кои се однесуваат за работните методи на Советот, реформи за ветото, и „Одговорноста додека се заштитува”, како еден тип на реформа на Советот. Заедничко за сите овие групи на предлози за реформи е тоа што имаат мали реални шанси за успех. Гледано од аспект на Р2П, реформите за проширувањето на Советот, кои се убедливо најчести, не помагаат за проблемот кој се обидува да го адресира Одговорноста да се заштити. Напротив, евентуалното зголемување на Советот статистички гледано би значело дека генерално ќе биде потешко од досега да се донесе некоја резолуција, а што се однесува до Р2П конкретно, имајќи го предвид сѐ уште традиционалното поимање на суверенитетот на некои од државите кои најверојатно би биле дел од новите постојани или привремени членки, тоа би можело и да биде штетно за Р2П. Реформите за подобрување на работните методи, пак, имаат генерално добра замисла, но понекогаш можат да го постигнат спротивниот ефект од тој што го посакувале. Така, на пример, инсистирањето на јавност и отвореност на дискусиите на Советот за безбедност често знае да ги одврати постојаните пет од искрено и јавно изложување на свои позиции (и интереси) и целата дискусија да ја тргне од очите на јавност – вклучително и од избраните десет членки на Советот - и да ја смести во задницата. Со тоа, кризите се решаваат врз база на некоја тајна зделка

помеѓу постојаните пет, а јавните настапи се претвораат во читање на однапред подготвени говори или, пак, воопшто не ни доаѓа до јавна дискусија поради претходна приватно изразена закана за вето на предложената мерка.

Затоа, од перспектива на Р2П, најрелеватни се предлози за реформи на ветото, познати како „Одговорност да не се става вето”, како и „Одговорноста додека се заштитува”. Овде се анализира историјата и суштината на овие предлози. Слично како и со останатите, и овие предлози имаат мали шанси за успех, но дури и да не успеаат, овие предлози имаат некакво значење и треба да продолжат да се дискутираат. Значењето на дискусиите за овие реформи е тројно: дискусиите можат да го подобрат прашањето на вистинскиот авторитет на Р2П, тие ја сигнализираат потрагата од нов/попрецизен, морален и политички договор околу третиот Столб на Р2П, и ја покажуваат потребата од идно доразвивање и доградување на Р2П од она што било прифатено во 2005.

Во **заклучните согледувања** се прави еден пресек и се сумираат наодите од претходните делови. Воедно, овде се отвораат и дилеми и се посочуваат прашања поврзани со темата на трудот кои би можело да се истражуваат во иднина. Едно од клучните прашања е „што доколку не може да се реформира Советот за безбедност?”. Дали нереформиран и не секогаш ефективен и одговорен Совет, особено во ситуации на геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и етнички чистења, треба да го има единствениот и последниот збор? Што би значело ова за Р2П и за односот на Р2П и Советот за безбедност? Доколку прифатиме дека заложбата на меѓународната заедница „никогаш повеќе” да не се случуваат масовни злосторства е морален императив, тогаш ако Советот за безбедност не преземе ништо во овие ситуации– заради немање волја или заради блокада со користење на ветото – тоа автоматски не треба да значи дека никој друг не би требало/смеело ништо да преземе. Затоа, една од главните насоки за понатамошното истражување треба да биде фокусирана на елементот на “вистински авторитет” во Одговорноста да се заштити отаде Советот за безбедност.

## Предмет на истражување

Предмет на истражување на дисертацијата се реформите на Советот за безбедност на ОН од перспектива на доктрината „Одговорност да се заштити”. Поконкретно, дисертацијата анализира дали досегашните обиди за (генерална) реформа на Советот за безбедност се соодветни од перспектива на „Одговорноста да се заштити” и врши проценка на нивните шанси за успех.

## Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Прашањето за реформа на Советот за безбедност, генерално, е едно старо и често истражувано прашање во меѓународната, но не и во македонската научна меѓународно-правна и меѓународно-политичка мисла. Меѓутоа, и во меѓународното, а секако и во македонското научно творештво, конкретното прашање за реформа на Советот за безбедност од перспектива на „Одговорноста да се заштити” е ретко истражувано. Ова се должи првенствено на фактот дека „Одговорноста да се заштити” е релативно нов концепт, но и на фактот дека најголем дел од предлозите за реформи се фокусирани на проширувањето на членството на Советот за безбедност, кое, пак, е прилично нерелевантно од перспектива на „Одговорноста да се заштити”. Интересот за истражување на оваа тема во светската научна мисла се покрена со актуелната граѓанска војна во Сирија и многуте вета со кои Русија го блокираше Советот за безбедност во оваа криза.

## Краток опис на применетите методи

Методолошката рамка на истражувањето ја сочинуваат првенствено методите на анализа и синтеза, индукција и дедукција, дескрпиција, компарација но и предикција (прескрипција). Со помош на дескриптивниот метод, опишани се сите клучни концпети за дисертација како што се идејата за „Одговорноста да се заштити” и институцијата Советот за безбедност. Истиот метод се користи и за разработување на функционирањето во практиката на овие идеи/институции. На помош овде се користи и историскиот метод. Со помош на компаративниот метод се вршат споредби на теоретските темели на овие идеи и институции и нивото практично функционирање. Ова вклучува и истражување на случај, преку кое беа опфатени некои минати или сегашни ситуации на масовни злосторства. Исто така, применуван е и компаративниот метод, особено при анализата на досегашните обиди за реформа на Советот за

безбедност на ОН. Конечно, особено во последниот дел од дисертацијата, применуван е и методот на предикција/прескрипција.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Преку своето истражување, кандидатот заклучува дека најголем дел од досегашните предлог-реформи на Советот за безбедност се несоодветни да го адресираат проблематичното функционирање на Советот за безбедност при ситуации на масовни злосторства. Оние, пак, неколку предлози за реформи кои начнуваат некои од проблематичните аспекти на Советот, слично како и несоодветните предлози, имаат многу мали шанси за успех. Заради ова, кандидатот смета дека е подеднакво важно освен да се продложи со обидите за реформи, да се започне и активна и аргументирана дебата за функционирањето „Одговорноста да се заштити” во услови на нереформиран Совет за безбедност. Ова е потребно за да сочува и оддржи кревкиот нормативен консензус околу „Одговорноста да се заштити”, како и за да може таа да стане морален (и правен) императив, а не само концепт кој е целосно зависен од реал-политика на меѓународната заедница.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатот **м-р Љупчо Стојковски**, со наслов **Реформа на Советот за безбедност на ОН во ера на „Одговорноста да се заштити”**, претставува оригинален научен труд во областа на меѓународното право и меѓуанродните односи. Изработката на темата на оваа докторска дисертација ќе придонесе во продлабочување на дебатите за реформа на Советот за безбедност, особено од перпектива на „Одговорноста да се заштити” и четирите масовни злосторства кои се опфатени со овој концепт. Кандидатот успешно обработува една интересна, но и многу комплексна и сериозна тема, која сѐ уште не е доволно обработена во меѓународно-правната и политиколошката наука во светот и во Македонија. Во методолошка смисла, дисертацијата е поставена врз јасно дефинирани хипотези и цели на истражувањето, како и соодветна методологија и истражувачка техника сообразена со поставените цели. Структурата и содржината на докторската дисертација даваат за право да се констатира дека кандидатот успеал да даде целосна анализа на предметот на истражувањето, така што дисертацијата претставува заокружена целина. Материјата е презентирана на јасен начин, а трудот е сеопфатно обработен, содржински и логично систематизиран. Поставената теоретска и структурна рамка на темата ги следи современите тенденции, а применетиот методолошки пристап им дава значење и издржаност на сознанијата изнесени во трудот. При изработката на дисертацијата, кандидатот се користел со богата и релевантна научна и стручна литература, домашна и странска, од водечките автори во оваа област. Стилот на кој е пишуван трудот е јасен и разбирлив. Трудот е пишуван на литературен македонски јазик, со користење на прецизна терминологија од соодветната област. Употребениот стил и јазик овозможуваат лесно да се следи мислата на кандидатот, што овозможува текстот лесно да се чита. Преку дисертацијата, кандидатот дава придонес за натамошно развивање на дебатата поврзана со реформа на Советот за безбедност на ОН, но и со „Одговорноста да се заштити” и нејзиниот статус и влијание врз ситуациите на масовни злосторства. Исто така, посебно треба да се истакне податокот дека кандидатот во своите заклучни согледувања нуди и неколку препораки за иднината на овие два института. Со тоа, докторската дисертација на кандидатот **м-р Љупчо Стојковски** со наслов **Реформа на Советот за безбедност на ОН во ера на „Одговорноста да се заштити”**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

- м-р Љупчо Стојковски, „ Philosophical and Moral Justification of Humanitarian Intervention “, објавен: Iustinianus Primus Law Review (2014), број 9, година 5;

- м-р Љупчо Стојковски „ Хуманитарна интервенција и кризата во Сирија“,Годишник на Правниот факултет “Iustinianus Primus” во чест на професор д-р Марјан Марјановски, Том 56, 2017 година;

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Главни научни придонеси на кандидатот се најпрво деталниот приказ на теоретско проучување на „Одговорноста да се заштити” и на Советот за безбедност како институција. Во дисертацијата се дава систематизиран преглед на настанокот, развојот и функционирањето на овие два институции, на случаите во кои Советот за безбедност ја применувал Одговорноста да се заштити, како и на предлозите за негови реформи. Заклучоците и препораките од докторската дисертација поврзани со „Одговорноста да се заштити” и со Советот за безбедност можат да бидат од голема корист при идни истражувања на овие теми. Оттука, како едно од главните прашања за понатамошно истражување се наметнува прашањето „Што доколку Советот за безбедност не може да се реформира?” Истражувањето би требало да се фокусира на елементот на „вистински авторитет” во „Одговорноста да се заштити” отаде Советот за безбедност. Поконкретно, овде би можеле да се истражуваат прашањата за т.н. „неразумно вето”, за селективноста на Советот за безбедност, за односот на одговрност и селективност во работењето на Советот, за правната одговорност на постојаните членки на Советот за безбедност итн.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Љупчо Стојковски** со наслов **Реформа на Советот за безбедност на ОН во ера на „Одговорноста да се заштити”.**

**КОМИСИЈА:**

**Проф. д-р Љубомир Фрчкоски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Сашо Георгиевски, ментор с.р.**
**Проф. д-р Татјана Петрушевска, член с.р.**
**Проф. д-р Елена Михајлова Стратилати, член с.р.**
**Проф. д-р Јулија Брсакоска Базеркоска, член с.р.**

**Издвоени мислења** (доколку има):

# РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО МЕТРИЧКИ ПРОСТОРИ“ ОД АВТОРОТ Д-Р ПЕТАР СОКОЛОСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, бр.02-863/3 од 12.3.2019, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на ракописот ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО МЕТРИЧКИ ПРОСТОРИ од авторот доц. д-р Петар Соколоски, наменет за студентите на Природно-математичкиот факултет, за предметот Метрички простори, избрани се: проф. д-р Марија Оровчанец, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и проф. д-р Љупчо Настовски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје. По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. Општ дел

**<u>Основни податоци за ракописот</u>**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | ЗБИРКА РЕШЕНИ ЗАДАЧИ ПО МЕТРИЧКИ ПРОСТОРИ |
| **Назив на предметната програма:** | Метрички простори |
| **Назив на студиската програма:** | Наставна математика, Теориска математика, Математичка економија, Математичко програмирање |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети):** | Предметот Метрички простори на Природно-математичкиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2+0, број на ЕКТС-кредити 6 и се слуша во трет семестар. |
| **Реден број на изданието:** | Прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 160 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 pt. Текстот е поделен во 16 поглавја (вклучувајќи ги додатоците и литературата) и содржи 24 слики. |

РЕЦЕНЗЕНТИ:
Проф. д-р Марија Оровчанец (с.р.)

Проф. д-р Љупчо Настовски (с.р.)

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Марија Оровчанец

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот е поделен на 16 поглавја. Првите 11 поглавја се со решени задачи. 12-тото и 13-тото поглавје се со испитни задачи и нивни решенија. 14-тото и 15-тото поглавје се додатоци. 16-тото поглавје е литература. На почетокот на секоја од првите 11 поглавја се дадени некои основни дефиниции кои се користат во него. Потоа следуваат задачи и нивните решенија. Во првото поглавје се дадени основните поими и својства за метрика, метрички простор и нормирани простори и задачи кои се однесуваат на нив. Во второто поглавје се дадени и решени проблеми за растојание меѓу точка и множество и меѓу две множества. Во третото поглавје се дадени задачи и нивните решенија за фундаменталните поими отворени и затворени множества и за ограничени множества. Четвртото поглавје содржи задачи за атхерентно множество, внатрешност и раб на множество. Во петтото поглавје се дадени примери за потпростори и поврзаноста на претходните поими со нив. Шестото поглавје е посветено на проблеми со низите во метричките простори. Во седмото поглавје се обработени проблеми за кошиеви низи и комплетни метрички простори. Осмото поглавје се состои од решени проблеми кои се однесуваат на компактните метрички простори. Во деветтото поглавје се дадени задачи за граница на функција во метрички простор. Десеттото поглавје содржи задачи и проблеми за непрекинати функции во метрички простор. Во единаесеттото поглавје се дадени решени задачи за теоремата на Банах за неподвижна (фиксна) точка. Во 12-тото поглавје се дадени примери со испитни комбинации кои биле давани на |

| | |
|---|---|
| | студентите по предметот Метрички простори.<br>13-тото поглавје содржи решенија на задачите од 12-тото поглавје.<br>14-тото поглавје е додаток во кој се докажани некои важни неравенства кои се користат во решавањето на задачите.<br>15-тото поглавје е додаток во кој се наведени некои дефиниции и својства на нормата и нормираните простори.<br>Во 16-тото поглавје е наведена литературата која се користела. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во согласност со студиската програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Забелешките се коригирани. |
| **Оцена на ракописот:** | Содржината на збирката задачи, покрај тоа што е во целост усогласена со содржината на предметот, претставена е на многу добар начин бидејќи по краткиот теориски вовед, следат задачи со детални решенија кои му овозможуваат на корисникот самостојно да го учи и совладува материјалот. По изложувањето на основниот материјал, дадени се примери од комбинации од испитите по предметот Метрички простори со што на читателот му се овозможува самостојно да провери како напредува во совладувањето на материјалот. На овие задачи дадени се одговори во наредното поглавје или даден е само конечен резултат, со цел студентот да ги провери сопствените одговори. Избраните и обработени содржини придонесуваат за интеграција на знаењето, развојот на системот поими и стекнување на (функционално) знаење од областа на метричките простори. Збирката е методички-дидактички сработена по највисоки стандарди и има јасна логичка и кохерентна структура. Избраните задачи се јасно формулирани, различни и подредени по сложеност, разновидни и функционални и релевантни.<br>Јазикот на кој е напишана збирката придонесува кон лесно разбирање на содржината, бидејќи покрај формалниот математички запис, збирката содржи |

| | |
|---|---|
| | голем број на задачи во кои студентот се насочува кон попрактично согледување на инаку многу апстрактните поими. Цртежите се користат за подобро разбирање и согледување на врските меѓу објектите кои се цел на обработка. Покрај тоа што збирката е наменета за студентите на математика, таа во голем дел може да се користи и на студиите по природни и технички науки. Збирката задачи ги исполнува сите стандарди на квалитетен универзитетски учебник и претставува голем придонес во развојот на наставната литература. |
| **Категоризација:** | Учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 160 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 12 pt. Текстот е поделен во 16 поглавја (вклучувајќи ги одговорите на задачите, прилозите и литературата) и содржи 24 слики.<br>Збирката задачи ги исполнува сите стандарди на квалитетен универзитетски учебник и претставува голем придонес во развојот на наставната литература. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметот Метрички простори, примарно наменет за студентите на Природно-математичкиот факултет.

Во Скопје,

22.5.2019 г.

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Марија Оровчанец (с.р.)

## III. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Љупчо Настовски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Збирката содржи има 16 поглавја. Во првите 11 поглавја е изложен материјалот кој се обработува во предметот Метрички простори и во нив се изложени дефинициите кои се користат, задачите и нивните решенија. Во првото поглавје се дадени задачи во кои се наведени основните поими и својства за метрика, метрички простор и нормирани простори. Тие се разгледуваат во многу контексти, кои се користат во различни области од математиката со цел да се покаже заедничкото во структурата на наизглед неспоредливи работи - множества чии елементи се броеви, вектори, низи, функции. Се обрнува внимание на фактот дека поимот метрика е фундаментален и тоа дека колку две работи се блиски зависи од метриката. Тоа е изложено со примери за различни метрики на множествата $\mathbb{R}^n$.<br>Во второто поглавје се изложени и решени проблеми за растојание меѓу точка и множество и растојание меѓу две множества - поими дефинирани преку основниот - растојание меѓу две точки.<br>Во третото поглавје се разработени задачи за отворени и затворени множества и за ограничени множества. Тоа се концепти кои се основни и на кои се развиени цели гранки во математиката. Овие типови на множества имаат различни форми и облици во различни метрички простори и нивното разбирање е од суштинска важност за понатамошното изучување на математиката.<br>Во четвртото поглавје се разработени задачи за атхерентно множество, внатрешност и раб на множество. Овие поими се тесно поврзани со поимите од претходното поглавје и се дадени дополнителни релации кои служат за подобро разбирање на внатрешната структура на метричките простори.<br>Во петтото поглавје се разработени задачи за метрички потпростори и во |

| | |
|---|---|
| | кои е опишан начинот на кој се дефинираат претходно спомнатите поими во нив.<br>Во шестото поглавје се разработени задачи за низите во метрички простори. Направена е врска помеѓу поимите кои поврзани со поимот низа во реалната анализа и начинот на кој тие поими се обопштуваат во произволен метрички простор, како на пример подниза, точка на натрупување на низа, конвергентна и дивергентна низа и сл.<br>Во седмото поглавје се разработени задачи за многу важниот тип на низи - кошиевите и со нив поврзаниот концепт за комплетност на метрички простор.<br>Во осмото поглавје се разработени задачи за компактни метрички простори. Се содржат различни примери во кои се објаснети примените и значењето на поимите отворена покривка, конечна потпокривка, вложени сегменти итн. Разработени се задачи во кои се користи теоремата на Хајне-Борел и еквивалентноста затворените и ограничени множества со компактните множества во евклидовите простори.<br>Во деветтото поглавје се разработени задачи за граничните вредности на функции во метрички простори.<br>Во десеттото поглавје се разработени задачи за непрекинатите функции во метричките простори. Разработени се како задачи многу фундаментални теореми кои се однесуваат на сликите на компактните множества преку непрекинати функции. Исто така, изложени се задачи со нивните решенија кои се однесуваат на пат-сврзаните (линиски сврзаните) множества кои се основни во дисциплините кои се изучуваат во повисоките години на студиите по математика.<br>Во единаесеттото поглавје се разработени задачи за фундаменталната теорема на Банах за неподвижна точка во метрички простори. |

| | |
|---|---|
| | Дванаесеттото поглавје се состои од неколку комбинации од колоквиумски и испитни задачи по предметот Метрички простори кои биле давани минатите години.<br>Во тринаесеттото поглавје се изложени решенијата или насоките за решавање на задачите од минатото поглавје.<br>Четрнаесеттото поглавје е додаток во кој се наведени некои фундаментални неравенства кои се користат во доказите на задачите, како неравенството на Коши-Буњаковски-Шварц, неравенството на Јанг, неравенството на Хелдер, неравенството на Минковски.<br>Петаесеттото поглавје е додаток во кој се наведени дефинициите и својствата за нормираните простори, поим кој е тесно поврзан со метричките простори.<br>Во шеснаесеттото поглавје е дадена литературата која е користена при пишувањето на збирката. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во согласност со студиската програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Предлозите за корекции и забелешките се доставени до авторот. |
